Архивски знак: _____
Рок на чување: _____
_____ 20 ____ год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 01-5031/1
31.08 2026 год.
ВЕЛЕС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 31-08-2026
Орг. един. | Бр. | Прил. | Вред.
09-3681/1 | 2

ДО

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Предмет : Доставува Годишен извештај за воспитно -образовната работа во учебната 2025/26 година за усвојување

Почитувани,

СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес, Ви доставува на разгледување и усвојување Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2025/26 година.

Со почит.

Прилог: Годишен извештај за учебна 2025/26 година
Одлука од УО

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС

Директор :

Илија Попов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 02-477/3
26. 08 2026 год.
ВЕЛЕС

СОУ „ГимназијаКочоРацин“ –Велес

Врз основа на член 29 и член 89-а од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/2010, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15 и 98/15 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), член 118 став 1 алинеа 2 од Статутот на СОУ „Гимназија Кочо Рацин – Велес, Училишниот одбор на СОУ „ГимназијаКочоРацин – Велес на својатаредовнаседница 7/26, одржана на ден 26.08.2026 година, јадонесеследната:

О Д Л У К А

за усвојување на Годишен извештај за воспитно-образовната работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес за учебната 2025/2026 година

1. Училишниот одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес го усвои Годишниот извештај за воспитно-образовната работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес за учебната 2025/2026 година

2. ОваОдлукавлегува во сила на денот на нејзинотодонесување.

Претседател на УО на
СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес

м-р Пале Трпкова

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр 01 - 477/3
26. 08 2026 год.
ВЕЛЕС

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, Велес
во учебната 2025/2026 година

Август, 2026 година

СОДРЖИНА	**Страна**
Вовед	4
Стручно-педагошка екипираност на училиштето со кадар	5
Планирање и програмирање на наставата	5
Превземени активности во текот на годината за подобрување на условите за работа	5
Преглед на учениците при запишувањето во прва година	6
Преглед на учениците и паралелките по струки и гимназиско образование на крајот од учебната година	6
Наставен кадар	6
Преглед на стручен кадар	7
Раководен кадар	7
Други вработени	7
Настава – видови настава	8
Работа на учениците со ПОП	9
Преглед на бројот на планирани и реализирани наставни часови	9
Преглед на успехот на учениците постигнат на матура	11
Учество на конкурси и натпревари	12
Преглед на општиот успех на учениците на крајот од наставната 2025/2026 година	20
Преглед на изостаноците на учениците	20
Учество во проекти	22
Јавна и културна дејност на училиштето	25
Активности за одбележување на Патронатот на училиштето	31
Професионален развој на кадарот	33
Работа на стручните органи и тела во училиштето	36
Соработка со стручни лица и институции	36
Едукација на ученици преку работилници	40
Сознанија за инкорпорирање на Мисијата во тековната година	43
Проекција за Визијата за тековната година	43
Подрачја на промени и приоритети	44
План за евалуација	44

Прилози	
Извештај за работата на директорот	
Извешта за работата на педагогот	
Извештај за работата на психологот	
Извештај за работата на специјален едукатор и рехабилитатор	
Извештај за работата на Училишен инклузивниот тим	
Извештај за работата на библиотекар	
Извештај за работата на Наставничкиот совет	
Извештај за работата на Училишниот одбор	
Извештај за работата на Советот на родители	
Извештај за работата на стручните активи	
Ранг листи на класовите по успех и редовност	
Успех постигнат по наставни предмети на ниво на генерација	
Извештај за работата на Училишната заедница	
Извештај за работата на ЕКО одборот	
Извештај за реализирани екскурзии	

Вовед

Годишниот извештај за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, Велес е изработен согласно Законот за средно образование, Статутот на училиштето, како и Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/2026 година.
Целта и задачите на годишниот извештај е да се проследат материјално-техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, формите на наставна и воннаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците.

Воспитно – образовниот процес во училиштето во учебната 2025/2026 година се реализираше согласно календарот за организација на работата во училиштата во учебната 2025/2026 година и според „*Годишната програма за работа на училиштето*“, во согласност со наставните планови и програми за гимназиското образование.

Согласно методско – педагошките барања за квалитетно реализирање на програмите по секој наставен предмет изработени се глобални планирања со користење на дигитални алатки. Во текот на наставната година, согласно со „*Годишната програма“* се изготвуваат и тематски планирања од страна на сите наставници со примена на современа образовна технологија. Со континуирано изработување на дневни планирања на учениците им се овозможува континуирано следење и усвојување на содржините планирани од секој наставен предмет. Наставниците редовно ги следат ученичките знаења и напредувања во наставата и објективно ги оценуваат.

Со *„Развојното планирање*“ предвидени се приоритети со повеќе стратешки цели и развојни цели чија реализација директно зависи од реализацијата на активностите.

Како најдобро одбележување на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, Велес од реализираните активности е тоа што професорот по биологија, Елизабета Николовска е најдобар просветен работник во средно образование на ниво на општина Велес.

Нашето училиште се здоби и со бројни награди постигнати на општинско, регионално и државно ниво, признанија, диполми и пофалници. Се реализираа и голем број на хуманитарни акции, работилници, проектни активности, спортски подвизи и театарски претстави. Гимназијата, учебната 2025/2026 година ја одбележа како година на творечки порив и креативна енергија.

Стручно педагошка опременост на училиштето со кадар

За остварување на целите и задачите на севкупната дејност на училиштето ангажирани се: директор, помошник директор, стручни соработници: педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, кариерни советници, библиотекар, наставници, секретар – благајник, ноќен чувар и хигиеничари. Сите вработени имаат соодветна стручна подготовка.

Воспитно – образовната дејност ја реализираа 40 наставника, од кои 5 наставника дополнуваа часови од друго училиште. Целокупниот наставен кадар има соодветно високо образование, еден доктор на науки и еден магистер.

Планирање и програмирање на наставата

Ова подрачје се реализира според педагошките стандарди утврдени во наставните планови и програми за гимназиско образование донесени од Министерството за образование и наука на Р.С. Македонија.

Превземени активности во текот на годината за подобрување на условите за работа

За успешна реализација на учебната година, превземени се сите мерки и активности за задоволување на хигиено-техничките услови за работа и престој во училиштето на учениците и на вработените. Во текот на учебната година набавени се 1 интеркативен панел, 2 компјутера, 10 столчиња со масички за пишување, книги за во библиотека, и спортски реквизити.

Преглед на учениците при запишувањето во I година во учебната 2025/2026 година

Табела бр.1

Бр.	С т р у к а Гимназиска насока	Времетраење на образованието	Успех од основното училиште				Повторувачи	Вкупно
			Одличен	Многу добар	Добар	Доволен		
		Четиригодишно	97	13	1			111

Преглед на учениците и паралелките по струки и гимназиско образование на крајот од учебната 2025/2026 година

Табела бр. 2

Струка	Гимназиска насока								
Податоци за учениците на крајот од учебната година	Запишани ученици на македонски наставен јазик					Запишани ученици на албански наставен јазик			
	Година	Парал.	полова структура		Вкупно	полова структура		Вкупно	Σ
			М	Ж		М	Ж		
	I	5	30	54	84	16	11	27	111
	II	4	16	31	47	8	23	31	78
	III	5	38	50	88	4	17	21	109
	IV	5	27	37	64	4	11	15	79
	Вкупно	19	111	172	283	32	62	94	377

Наставен кадар

Табела бр. 3

Наставен Јазик	**Степен на стручна оспособеност**				
	Д-р	**М-р**	**VII-1**	**VI**	**IV**
Македонски	**1**	**1**	**33**		
Албански			**5**		
Вкупно	**1**	**1**	**38**		

Преглед на стручен кадар

Табела бр. 4

Профил	Степен на стручна оспособеност				
	Д-р.	**М-р**	**VII-1**	**VI**	**IV**
Педагог			**1**		
Психолог			**1**		
Специјален едукатор и рехабилитатор			**1**		
Секретар-благајник			**/**	**1**	
Книговодител				**1**	
Библиотекар			**1**	**/**	
Вкупно			**4**	**2**	

Раководен кадар

Табела бр. 5

Функција	Завршено образование			Работен стаж	Работно искуство на оваа работна обврска
	Д-р	**М-р**	**VII**		
Директор	/	/	1	15 год и 8 месеци	4 години
Помошник директор	/	/	1	17 год и 8 месеци	1 година

Други вработени

Табела бр.6

Технички персонал	Вкупно
хигиеничари	7
хаусмајстор	1
ноќен чувар	1

1. Настава - видови настава

Во училиштето се реализираше редовна настава од гимназиско образование во три наставни подрачја со по две комбинации ***јазично – уметничко подрачје, комбинации А и Б, општествено – хуманистичко подрачје, комбинации А и Б, природно – математичко подрачје, комбинации А и Б.***

Наставниот план е структуриран од четири организациско – содржински компоненти: ***задолжителни предмети, изборни предмети, задолжителни изборни програми и проектни активности***. Реализацијата на програмите за работа во сите стручни активи се одвиваше според предвидената динамика и планираните содржини и во согласност со наставните програми. Наставните планови и програми се реализираа со примена на современа образовна технологија.

Вреднувањето и оценувањето на учениците се вршеше континуирано во текот на учебната година според утврдени критериуми и стандарди за оценување и во согласност со „Правилникот за оценување“. Во рамките на наставата редовно се вршеше проверување и вреднување на знаењата на учениците преку примена на формативно и сумативно оценување и примена на разновидни инструменти и постапки при усното и писмено оценување.

За учениците кои имаа потешкотии во совладувањето на дел од наставните содржини по одредени наставни предмети се реализираа дополнителни индивидуални консултации.

За учениците кои сакаа да ги прошират своите знаења од одделни наставни предмети се реализираше додатна настава и се вршеа индивидуални консултации.

За учениците од завршната генерација беше организирана подготвителна настава и индивидуални часови со цел успешна реализација на испитите од државната матура.

Во склоп на воннаставните активности учениците се подготвуваа за натпреварите на училишно, општинско, регионално и државно ниво. Во прилог следат резултатите од учеството на учениците на одржаните натпревари.

За учениците од прва година се реализираше еднодневна ескурзија, а за учениците од втора година се реализираше дводневна. Ескурзиите беа претходно планирани и одобрени. Поставените воспитни и научни цели, беа реализирани во целост. Во периодот од 21.04. до 26.04.2026 година се реализираше шестдневна екскурзија за учениците од трета година. Екскурзијата се реализираше според претходно планирана програма и во согласност со Одлуката од Училишниот одбор.
Извештаите од реализираните екскурзии се во склоп на прилозите.

Проектните активности како посебно подрачје во наставниот план за гимназиско образование се во функција на задоволување на индивидуалните интереси и желби кај учениците и оспособување за изработка на проекти со тимско работење на учениците. Учениците активно работеа и се ангажираа во понудените области и своите изработки ги презентираа преку видео материјал во електронските медиуми и на Отворениот ден на училиштето.

Работа на учениците со ПОП

Училишниот инклузивен тим (УИТ), континуирано ги следеше постигнувањата на учениците со ПОП во инклузираните паралелки 1^1и 3^3. Учениците добиваа постојана општа поддршка од прво ниво од стручните соработници, класниот раководител, наставниците и родителите.
Во текот на учебната година, вреднувањето на постигнувањата на учениците со ПОП се одвиваше по диференциран пристап со примена на индивидуализирани стратегии за работа во текот на наставниот процес. Учениците редовно ја следеа наставата по сите наставни предмети.

Училиштето на крајот од учебната 2025/2026 година го оствари годишниот фонд на наставни денови и тоа во паралелки од завршната година остварени се 166 наставни денови, а за сите останати години на образование остварени се 180 наставни денови, согласно календарот за организација на учебната 2025/2026 година („Службен весник на Р.С. Македонија“ бр. 143/25 година).

Преглед на бројот на планирани и реализирани наставни часови

Бр.	Наставен предмет	I година		II година		III година		IV година	
		Број на планирани часови	Број на реализирани часови	Број на планирани часови	Број на реализирани часови	Број на планирани часови	Број на реализирани часови	Број на планирани часови	Број на реализирани часови
1.	Македонски јазик и литература	144	144	144	143	144	142	132	132
2.	Прв странстки јазик - Англиски јазик	108	108	108	108	108	109	99	100
3.	Втор странски јазик - Германски јазик	72	74	72	74	72	73	66	66
4.	Втор странски јазик - Француски јазик	72	74	72	72	72	73	66	66
5.	Втор странски јазик - Руски јазик	/	/	/	/	/	/	66	64
6.	Математика	108	109	108	108	108	107	99	98
7.	Физика	72	72	72	70	72	73	99	100
8.	Хемија	72	73	72	72	72	73	99	99
9.	Биологија	72	72	72	72	72	73	99	99

10.	Историја	72	72	72	73	72	73	66	66
11.	Географија	72	73	72	72	72	71	/	/
12.	Социологија			72	74	72	72	/	/
13.	Филозофија							99	99
14.	Психологија							66	67
15.	Педагогија					72	74		
16.	Етика			72	73	72	73		
17.	Логика							66	64
18.	Филозофија – изборен предмет								
19.	Информатика	72	73						
20.	Информатичка технологија			72	73				
21.	Линеарна алгебра и анал.г.					72	71		
22.	Алгебра					72	72		
23.	Вовед во правото					72	71		
24.	Економија							99	99
25.	Менаџмент							66	67
26.	Спорт и спортски активности	72	71	72	71	108	108	99	98
27.	Ликовна уметност	72	72	36	35			66	65
28.	Музичка уметност	36	37	72	74			66	65
29.	Драмска уметност							99	99
30.	Латински јазик					72	70		
31.	Програмски јазици					72	74	99	99
32.	Математичка анализа							99	98
33.	Бизнис и претприемништво							66	66
34.	Албански јазик	144	142	144	142	144	142	132	130
35.	Македонски јазик за другите националности	72	73	72	71	72	73	66	65
36.	Говорење и пишување			72	71				

За учениците од завршната генерација беше организирана и успешно реализирана одбрана и презентација на матурските проектни задачи. Согласно „Правилникот за начинот на реализација на државната матура“ за оваа година матурантите полагаа два екстерни и два интерни испити и проектна матурска задача. Во прилог следат постигнатите резултати.

Преглед на успехот на учениците постигнат на државната матура во учебната 2025/2026 година

Екстерен дел					*Интерен дел*					*Проектна задача*				
Наставен предмет	**Број на ученици**		**Среден успех**		**Наставен предмет**	**Број на ученици**		**Среден успех**		**Наставен предмет**	**Број на ученици**		**Среден успех**	
	МК	**АЛБ**	**МК**	**АЛБ**		**МК**	**АЛБ**	**МК**	**АЛБ**		**МК**	**АЛБ**	**МК**	**АЛБ**
Мајчин јазик	64	15	4,11	4,4	Англиски јазик	10	/	5,0	/	Мајчин јазик	/	14	/	4,5
Англиски јазик	49	16	4,0	3,0	Математика	6	/	5,0	/	Германски јазик	1	/	5,0	/
Математика	14	/	4,86	/	Хемија	10	/	5,0	/	Информатика/ Програмски јаз.	6	1	5,0	/
Германски јазик	1	/	5,00	/	Биологија	11	/	5,0	/	Математика	3	/	5,0	/
/	/	/	/	/	Физика	4	/	5,0	/	Физика	3	/	5,0	/
/	/	/	/	/	Географија	2	15	5,00	4,33	Биологија	11	/	5,0	/
/	/	/	/	/	Социологија	17	15	4,76	4.5	Историја	2	/	5,0	/
/	/	/	/	/	Филозофија	38	1	4,97	2,0	Педагогија	1	/	5,0	/
/	/	/	/	/	Историја	14	/	5,0	/	Психологија	6	/	5,0	/
/	/	/	/	/	Информатика	6	/	5,00	/	Социологија	2	/	5,0	/
/	/	/	/	/	Музичка уметност	4	/	5,0	/	Вовед во право	1	/	5,0	/
/	/	/	/	/	Ликовна уметност		/	5,0	/	Бизнис и претприемништво	22	/	5,0	/
/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	Економија	2	/	5,0	/
/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	Музичка уметност	2	/	5,0	/
/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	Ликовна уметност	2	/	5,0	/
Вкупно	**64**	**15**	**4,49**	**3,7**	**Вкупно**	**64**	**15**	**4,97**	**3,61**	**Вкупно**	**64**	**15**	**5,00**	**4,5**
	79		**4,09**			**79**		**4,29**			**79**		**4,75**	

Преглед на успехот на учениците
постигнат на училишна матура од вонредни ученици во учебната 2025/2026 година

Мајчин јазик и литература					*Интерен дел*					*Проектна задача*				
Наставен предмет	**Број на ученици**		**Среден успех**		**Наставен предмет**	**Број на ученици**		**Среден успех**		**Наставен предмет**	**Број на ученици**		**Среден успех**	
	МК	**АЛБ**	**МК**	**АЛБ**		**МК**	**АЛБ**	**МК**	**АЛБ**		**МК**	**АЛБ**	**МК**	**АЛБ**
Мајчин јазик	1	/	4,00	/	Филозофија	1	/	4,0	/	Вовед во правото	1	/	5,0	/
Вкупно	**1**		**4.00**			**1**		**4,0**			**1**		**5,00**	

Учество на конкурси и натпревари

Учениците учествуваа на организираните натпревари и распишани конкурси и ги освоија следните награди:

- На 58. Детски Рацинови средби, во духот на чествувањето на ликот и делото на Рацин, беа распишани поетски и ликовен конкурс на тема „Кога денот од стих се раѓа“ и натпревар во ораторство на тема „Работничко мастило - поетска крв“. Учениците имаа можност да учествуваат и на рецитаторски натпревар на кои интерпретираа стихови од Рациновата поезија од песната „Балада за непознатиот“. Младите рецитатори и оратори се претставија пред публиката на пригодна свеченост која се одржа на 14 ноември на малата сцена во Народниот театар Ј.Х.К.Џинот – Велес. На рецитаторскиот натпревар со втора награда се здоби ученичката Јована Силјановска, ментор Цветанка Карамаркова а со пофлници се здобија учениците: Кристијан Мартинов, ментор Александра Стојановска и Марија Симоновиќ, ментор Весна Павлова. Со прва награда на ораторскиот натпревар се здоби ученичката Нина Митевска, ментор Магдалена Сарагинова. Втората награда на ораторскиот натпревар и припадна на ученичката Теодора Панова, ментор Александра Стојановска, а со трета награда се здоби ученичката Лана Басаров, ментор Цветанка Карамаркова.
- Во чест на нашиот патрон, Коста Солев Рацин, Стручниот актив по Мајчин јазик и странски јазици и проф. по Ликовна уметност, распишаа литературен и ликовен конкурс за основните и средни училишта од нашата општина и околината. Оваа година, темата за создавање на поетски и ликовни творби беше „Мајката на Рацин - тивка сила за гласен збор“.
  Наградени и пофалени ученици во категоријата средни училишта на Македонски јазик од нашето училиште се:
  Прва награда: Бојана Мицевска ментор Александра Стојановска. Втора награда: Љубе Лазов ментор Цветанка Карамаркова; Трета награда: Виктор Димов ментор Цветанка Карамаркова; Ана Митровска ментор Весна Павлова; Стефанија Кузмановска ментор Александра Стојановска.

Наградени творби на мајчин Албански јазик се:
Прва награда за Бетим Шемседини, ученик во два-1 клас; Втора награда за Ардита Имерова од 3-5 клас, Бертан Селмани од 2-4 клас; Трета награда за Фјола Синанова од 2-4 клас, Агнеса Јакупи 3-5 клас и Шефије Амзиу од 2-4 клас; Сите наградени ученици се од СОУ„ Гимназија Кочо Рацин“, под менторство на Линдита Маликова.
Наградени творби напишани на Англиски јазик:
Втора награда за Бетим Шемседини, ментор: Благица Аризанова Шопов;
Наградени творби напишани на Француски јазик :
Ана Митровска од прва година, ментор Билјана Миланова.
Наградени творби напишани на Германски јазик:
Прва награда за Мила Ангеловска од 2 год ментор: Жанет Јанев-Сарагиновски;Втора награда, Андреј Божиновски, од 4 год, ментор: Жанет Јанев- Сарагиновски;
На ликовниот конкурс се наградени следниве ученици:
Прва награда за Лана Ракиџиева, ментор Јулијана Михова; Втора награда за Марија Спасеска, ментор: Јулијана Михова; Пофалница за Михаела Ивановска, ментор Јулијана Михова.
На настанаот се пофалија и наградија најредовните читатели и посетители на училишната библиотека. Тие се: Кристијан Мартинов, Ина Јовановска и Јовица Јованов.

- На општинските натпревари во кошарка – машка конкуренција организирани од Општински сојуз на училишен спорт - СУС Велес, Екипата на Гимназијата, го освои второто место.
- На општинските натпревари во одбојка женски – средни училишта, Екипата на Гимназијата со убедлива игра оствари две максимални победи и го освои првото место.
- На општински натпревари во футсал - машка конкуренција организирани од Општински сојуз на училишен спорт - СУС Велес екипата на нашата Гимназија освоија второ место на ниво на општината.
- Меѓукласните натпревари во футсал, во текот на првото полугодие се реализираа преку дваесет и пет меѓукласни натпревари во футсал. На 19.12.2025 година се реализираше финалниот натпревар. Честитки до учениците од III - 3 клас, кои заслужено го освоија првото место.
- На општински натпревари во одбојка - машка конкуренција, организирани од Општински сојуз на училишен спорт - СУС Велес, екипата на нашата освоија второ место на ниво на општината.
- Женската одбојкарска екипа на Гимназијата учествуваше на зонски натпревар во одбојка и освои прво место. Со сигурна и доминантна игра, издвојуваа две максимални победи со што се пласираа помеѓу четирите најдобри екипи во регионот.
- Во организација на Стручниот актив по спорт и спортски активности се реализираа традиционалните меѓукласни натпревари во одбојка .Во прекрасна навивачка атмосфера и преполна сала, екипата на 1-3 клас беше поуспешна од екипата на 2-3 клас и го освои првото место.
- Гимназиската екипа учествуваше на државното првенство во пинг понг кое се одржа во Пехчево. Во силна конкуренција девојките го завршија настапот во првиот круг, додека гимназијалците се пласираа во осминафиналето.
- Стручниот актив по Спорт и спортски активности при СОУ „Гимназија Кочо Рацин”, Велес, на 31.03.2026 година учествуваше на регионалните натпревари во одбојка во Пробиштип – женска конкуренција за средните училишта од источниот регион.

Гимназиската екипа во состав: Катја Зафирова, Марија Пренџова, Ања Трајковска, Сара Арсеновска, Моника Данаилова, Михаела Димитриева, Ива Ќимова, Ана Петрова и Сара Арсовска го освои второ место.

- Светските денови на спортот и здравјето, 6 и 7 април, во нашето училиште традиционално се одбележаа со реализација на турнир во пинг-понг, кој и оваа година привлече голем број ученици и љубители на спортот. Оваа година новина беа натпреварите во мешани двојки. Учесниците преку фер и динамични натпревари покажаа висок степен на спортски дух, натпреварувачка култура и квалитетна игра. Настанот уште еднаш ја потврди важноста на спортот како значаен сегмент во развојот на младите. Во женска конкуренција првото место го освои Изабела Жабева од 4-2 клас, второто место и припадна на Катја Зафирова, исто така од 4-2 клас, додека третото место го освои Нина Крстевска од 2-2 клас. Во машка конкуренција најдобар беше минатогодишниот победник Димитар Николов од 3-1 клас, пред Матеј Ѓорѓиев од 4-2 клас, а третото место му припадна на Андреј Солев од 4-3 клас. Во конкуренција на мешани парови, првото место го освоија Теона Гаштарска и Димитар Николов од 3-1 клас, кои беа поуспешни од Катја Зафирова и Матеј Ѓоргиев од 4-2 клас.
- На ден 19.05.2026 година во Гимназијата се одржа традиционалниот турнир во Баскет 3x3. На турнирот учествуваа ученици од сите класови во Гимназијата. Натпреварите се одиграа со голема желба, фер плеј, спортски дух и многу неизвесност. Во финалето се соочија учениците од 2-2 клас против учениците од 3-1 клас. Учениците од 3-1 клас се покажаа подобри и поуспешни и го освоија турнирот.
- На петтото издание на атлетската трка „Трчаме за Рацин“, женската екипа од нашето училиште во состав: Нина Крстевска, Тамара Димова, Сандра Ангеловски и Михаела Димитриева, го освои првото место во категорија на екипи/тимови.
- На конкурсот за финансиска поддршка за постигнати успеси од областа на природните науки, спортот и странските јазици на државни, меѓународни и олимписки натпревари во учебната 2024/2025 година распишан од Општина Велес, дваесет и еден ученик и единаесет ментори од нашата Гимназија се здобија со признание и финансиска поддршка.
- На натпреварот „Средношколец милионер“! под мотото „Дали имаш идеја вредна 1.000.000 денари“, организиран од Brainter, учество од нашето училиште земаа три тима Тим „EduVerse“ со лидер Јована Левкова од II-2 клас, Тим „EduLink“ со лидер Андреј Бошковски и членови Лука Андреев и Анѓел Димов, сите од II-2 клас и Тим „StreetSafe“ со лидер Кристијан Трајковски и членови Тијана Павлова, Сара Јорданова и Дора Димова, сите од IV-2 клас. Сите три тима успеаа да влезат во топ 50 со најдобри идеи и иновативни и креативни проекти. Тимот „EduLink“ со лидер Андреј Бошковски и членови Лука Андреев и Анѓел Димов, сите од II-2 клас успејаа да влезат во потесниот круг на најдобрите десет тима.

- На литературниот конкурс распишан од ДСУ „Коле Неделковски“- Велес по повод 60 годишнината од основањето на училиштето, ученичката Христина Перкова од 1-4 клас при СОУ „Гимназија Кочо Рачин“ – Велес го освои првото место со литературна творба на тема „Патоказ на знаењето“, а под менторство на професорката Цветанка Карамаркова.
- На 24.04.2026 година на ликовниот конкурс организиран од Ротари клуб учество земаа и нашите ученици, под менторство на професорката по Ликовна уметност, Јулијана Михова, учениците покажаа исклучителна креативност, талент и посветеност, кои беа препознати и наградени од стручната комисија. Ученичките: Ана Крстевска од 1-3 клас и Лиљана Дафовска од 1-1 клас, се здобија со признанија во категоријата „Ликовни достигнувања“, а ученичките: Викторија Јованова, Ана Јовановска и Мила Цветкова од 1-4 клас се пласираа како финалисти. Ученичката Марија Спасеска од 4-3 клас ја освои третата награда

- На 12.06.2026 година на распишаниот Ликовен конкурс по повод одбележувањето на 30-годишнината од присуството и соработката на Мировниот корпус во Македонија, нашата ученичка Марија Спасеска го освои првото место во конкуренција на повеќе од седумдесет други трудови од цела Македонија.
- На општинскиот натпревар по Биологија, кој се одржа на 13.02.2026 година, учествуваа ученици од прва, втора и трета година од нашата Гимназија. Учениците постигнаа солидни резултати и ги освоија следните награди: прва година - прва награда освои ученикот Виктор Димов, а со втора награда се здобија учениците: Кристина Штерјовска, Марија Николова и Ева Јаковлева. За втора година, првата награда им припадна на учениците: Ангел Димов и Андреј Бошковски, додека Михаил Перчинковски, Дејана Севдинова и Димитар Кузманов ја добија третата награда. За трета година сите учесници: АњаТрајкова, Бојана Мицевска, Малена Настова и Теона Гештарска имаат трета награда.
- На регионалниот натпревар по Биологија, што се одржа на 27.3.2026 година, учениците од Гимназијата постигнаа одлични резултати и на државниот натпревар се пласираа учениците: Виктор Димов, Кристина Штерјовска, Марија Николова и Ева Јаковлева од прва година. Ангел Димов, Андреј Бошковски, Михаил Перчинковски, Дејана Севдинова, Димитар Кузманов и Лана Басаров од втора година и АњаТрајкова, Бојана Мицевска и Теона Гаштарска од трета година.
- На државниот натпревар по Биологија кој се одржа на 9.05.2026 година во просториите на Природно - математичкиот факултет, нашите ученици постигнаа солидни резултати. Ученичката Кристина Штерјовска од прва година ја освои првата награда, а учениците Виктор Димов и Марија Николова, третата награда. Со пофалница се здоби ученичката Ева Јаковлевска, исто така од прва година. Учениците: Андреј Бошковски, Михаил Перчинковски и Дејана Севдинова од втора година освоија трета награда, а со пофалница се здобија учениците: Ангел Димов,Лана Басаров и Димитар Кузманов. Од трета година ученичката Ања Трајковска ја освои втората награда, ученичката Теона Гаштарска, пофалница, а Бојана Мицевска, диплома за учесство. Одговорни професори: Елизабета Николовска Силвана Илиева Печкова.
- На општински натпревар по прва помош кој се одржа на ден 22 април 2026 година, во просториите на ООУ „Блаже Конески“ учество зема и нашата екипа под менторство на професор Елизабета Николовска и го освои второто место.
- На општинскиот натпревар по Математика, кој се одржа на 30.01.2026 година, учениците кои учествуваа на натпреварот од нашето училиште постигнаа солидни резултати. Ана Митровска, I - 2 клас, I награда, Ева Стоилковска, I - 2 клас, I награда, Горјан Димитров, I - 2 клас, I награда, Тамара Димова, II - 2 клас, III награда, Бојана Мицевска, III - 2 клас, I награда, Викторија Панзова, IV - 4 клас, III награда, Андреј Солев, IV - 3 клас, III награда,Тијана Павлова, IV - 2 клас, III награда. На натпреварот учествуваа и учениците:Андреј Цецев, III - 1 клас, Андреј Миров, III - 1 клас и Матеј Богатинов, III - 2 клас, кои на натпреварот постигнаа задоволителни резултати.
- На регионалниот натпревар по Математика, кој се одржа на 14.02.2026 година учениците своето знаење, труд и посветеност постигнаа солидни резултати и достојно го претставија училиштето. Со награди се здобија следниве ученици:Ана Митровска, I-2 клас, I награда, Ева Стоилковска, I-2 клас, II награда, Тамара Димова, II-2 клас, пофалница, Викторија Панзова, IV-4 клас, пофалница. На натпреварот уествуваа и учениците:Горјан Димитров, I-2 клас и Бојана Мицевска, III-2.
- На државниот натпревар по Математика, кој се одржа на 7.03.2026 година учениците со своето знаење, труд и посветеност постигнаа солидни резултати и достојно го претставија училиштето. Учениците ги постигнаа следниве резултатаи: Ана Митровска од I-2 клас, се здоби со III награда, а Ева Стоилковска, исто така од I-2 клас, со пофалница. На натпреварот

учествуваа и учениците:Тамара Димова од II-2 клас и Викторија Панзова од IV-4 клас. Учениците се подготвуваа под менторство на професорите Марија Гајдова и Снежана Арсеновска.

- На општинскиот натпревар по Географија, кој се одржа на 05.02.2026 година, од нашата Гимназија учествуваа ученици од прва до трета година и ги постигнаа следниве резултати. Ученици од прва година: Вера Перчинковска, I награда, Викторија Јовановска II награда. Ученици од втора година: Ангел Димов I награда, Андреј Бошковски II награда. Од трета година со I награда се здоби ученичката Бојана Мицевска.
- На државниот натпревар по Географија, кој се одржа на 26.03.2026 година од нашата Гимназија на натпреварот учествуваа учениците и ги постигнаа следните резултати: Прва награда постигна ученичката Бојана Мицевска од III-2 клас. Учениците: Вера Перчинковска, Викторија Јованова од прва година и Андреј Бошковски и Ангел Димов од втора година постигнаа солидни резултати. Одговорен професор:Славица Спасевска.
- На општински натпревар по Англиски јазик ученици од прва до трета година, кој се одржа на 14.02.2026 година . учениците од прва до трета година гипостигнаа следните резултати: Прва година: Ева Јаковлевска III награда, Стефанија Станковска III награда. Втора година: Сандра Ангеловски III награда, Андреј Бошковски потврда за учество. Трета година: Ања Трајковска I награда,Владимир Митревски III награда.
- Во организација на СОУ „Гимназија Кочо Рацин" - Велес, на 15 април 2026 година, во салата на Општина Велес за првпат се одржа ораторски натпревар на англиски јазик за ученици од основните и средните училишта во градот. Во категоријата средни училишта, нашите ученици: Лана Басаров и Димитар Кузманов ги освоија првото и третото место.
- На 18 април, во просториите на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес, се одржа регионалниот натпревар по Англиски јазик за учениците од основните и средните училишта. На истиот нашите ученици ги постигнаа следните резултати:Ева Јаковлевска - втора награда, ментор: Соња Трајчева, Стефанија Станковска - учество, ментор: Соња Трајчева, Сандра Ангеловски - втора награда, ментор: Христина Леова, Ања Трајковска - прва награда, ментор: Христина Леова и Владимир Митревски - втора награда, ментор: Христина Леова.
- На државниот натпревар по Англиски јазик кој се одржа на 9 мај 2026 година, за учениците од средните училишта во организација на ЕЛТАМ МК. Учениците ги постигнаа следните резултати: Ева Јаковлевска, прва година, III награда, ментор Соња Трајчева;н Сандра Ангеловски, втора година, III награда, ментор Христина Леова; Ања Трајковска, трета година, II награда, ментор Христина Леова и Владимир Митревски, трета година, II награда, ментор Христина Леова
- На 14.03.2026 година, се одржа државниот натпревар по Филозофија во организација на Филозофското друштво на Македонија. Нашето училиште го претставуваа учениците: Сара Секуловска од IV -1 клас, Ина Јовановска од IV-4 клас и Викторија Панзова од IV-4 клас, кои постигнаа солидни резултати. На 28 март се одржа и македонскиот квалификационен натпревар за учество на Меѓународната филозофска олимпијада (International Philosophy Olympiad) во Варшава, Полска. На овој натпревар нашата Гимназија ја преставуваше ученичката Јана Плъокова од IV -1 клас. Учениците се подготвуваа под менторско водење на предметните наставници: Бошко Караџов и Пале Трпкова.
- На државниот натпревар „Спинокио“, кој се одржа на 23.2.2026 година во Europe House - Скопје, во организација на Види Вака и ИДЕА Југоисточна Европа, се одржа финалниот натпревар во друштвената игра „Спинокио“ посветена на медиумска писменост. Претставниците на нашата Гимназија постигнаа одлични резултати во конкуренција на над четириесет ученици од

дванаесет училишта од територијата на цела Македонија. Ученичката Лана Басаров, со рекордни 40 бодови, се истакна како најуспешна и го заокружи натпреварот со освоено прво место.

- На општинскиот натпревар по Хемија, кој се одржа на 20.2.2026 година учествуваа седум ученици од прва година под менторство на наставникот по Хемија, професор Марјан Стојановски и двајца ученици од втора година под менторство на наставникот по Хемија, професор Петранка Стојанова. Учениците ги постигнаа следните резултати: Ева Стоилковска од I-2 клас освои I награда, Ана Митровска од I-2 клас освои I награда, Павел Ивановски од I-2 клас освои I награда, Ева Јаковлевска од I-3 клас освои II награда, Елена Кузманова од I-3 клас освои III награда, Сара Стефанова од I-1 клас освои III награда, Ана Крстева од I-3 клас освои пофалница, Димитар Кузманов од II-1 клас освои пофалница,Андреј Бошковски од II-2 клас освои пофалница. Натпреварувањето го продолжуваат учениците: Ева Стоилковска од I-2 клас, Ана Митровска од I-2 клас, Павел Ивановски од I-2 клас, Ева Јаковлевска од I-3 клас, Елена Кузманова од I-3 клас и Димитар Кузманов од II-1 клас.
- На државниот натпревар по хемија кој се одржа на ден 14.05.2026 година, во просториите на Институтот по Хемија при Природно-математичкиот факултет, Скопје, нашите ученици постигнаа одлични резултати во прва категорија, под менторство на професорот Марјан Стојановски. Ева Стоилковска од I-2 клас го освои третото место и доби II награда; Ана Митровска од I-2 клас се закити со III награда; Ева Јаковлевска од I-3 клас доби сертификат за учество;
- На општинскиот натпревар по Физика, кој се одржа на ден 6.02.2026 година учениците од прва и трета година, под менторство на професорките по наставниот предмет Физика, Драгана Тевчева и Валентина Николиќ, учествуваа на општинскиот натпревар по Физика. Натпреварот се одржа во просториите на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес.
- На регионалниот натпревар по Физика, со постигнати одлични резултати се пласираа следниве ученици од нашето училиште. Од прва година :Ана Митровска, Ева Стоилковска, Александар Митев. Од трета година:Елена Сараулева,Теона Гаштарска.
- На ден 23.2.2026 година се одржа натпреварот „Економска Олимпијада” на регионален круг учествуваа учениците од четврта година постигнаа солидни резултати и пет ученици од нив се пласираа на националниот круг. Најдобро рангирана е Марија Спасеска од IV-3 клас, која со освоени 97 поени го освои првото место во регионот и доби награда лаптоп. Меѓу најуспешните се и Александра Панова од IV-2 клас , Сара Секуловска и Јана Плъокова од IV-1 клас и Ивона Ѓорѓиевска од IV-3 клас, кои исто така се пласираа во следната фаза.
- На 30 април 2026 година, на Природно-математичкиот факултет во Скопје, се одржа Четвртата Македонска Економска Олимпијада – престижен национален натпревар на кој учествуваа најдобрите средношколци по економија од целата држава. СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ од Велес повторно достојно го претстави училиштето и градот со своите ученици и ментори. Особен успех постигна ученикот Андреј Бошковски, кој освои бронзен медал и се вброи меѓу најуспешните учесници на олимпијадата. Покрај него, со пофалници се закитија и учениците Лука Андреев и Матеј Колев, кои покажаа солидни економски знаења, аналитичко размислување и натпреварувачки дух. На олимпијадата учествуваа и Јована Аспорова и Ангел Димов, кои достојно го претставија училиштето. Одговорни професори Тања Чипевска и Снежана Арсеновска.
- Во рамките на циклусот натпревари по Информатика, организирани од ЗИМ (Здружение на информатичари на Македонија), од нашето училиште учествуваа учениците: Тодор Плъаков од 4-2 клас и Андреј Солев од 4-3 клас. На регионален натпревар кој се одржа на 01.03.2026 година, ученикот Тодор Плъаков се пласираше на државниот натпревар, Учениците се подготвуваа под менторство на професорот Гордана Саздова.

- На 37. државен натпревар по Информатика, што се одржа на 28.3.2026 година во Скопје, ученикот Тодор Пљаков од IV-2 клас при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес, освои трета награда во конкуренција од сто и триесет натпреварувачи.
- Во периодот од 23 до 27 февруари, во Љубљана, Словенија, се одржа втората по ред интернационална олимпијада по вештачка интелигенција (IAIO 2026) – Меѓународен натпревар посветен на напредни теми од областа на информатиката, алгоритмите и вештачката интелигенција. Натпреварот е наменет за талентирани средношколци од целиот свет. Олимпијадата е организирана од UNESCO, IRCAI како и ACM. На истата, годинава имаше деведесет и пет учесници од четириесет држави членки. Ученикот Тодор Пљаков од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, беше дел од четиричлената македонска репрезентација, која освои два бронзени медали на овој интернационален натпревар.
- Во периодот од 14-19 јули се одржа Олимпијада во Babeş-Bolyai Универзитетот во Клуж-Напока, Романија. Нашиот ученик Тодор Пљаков учествуваше на CEOAI (EUROAI), Централно Европска олимпијада за вештачка интелигенција, каде освои бронзен медал.
- На регионалниот натпревар по Германски јазик, кој се одржа на 26.02.2026 година, нашите ученици: Митковски Андреј од 4-3 клас и Севдинова Дејана од 2-1 клас се закитија со втора награда, а Андреев Лука од 2-2 клас, со трета награда.
- На државниот натпревар по Германски јазик, кој се одржа на 14.03.2036 година Митковски Андреј од 4-3 клас освои втора награда а Севдинова Дејана од 2-1 класосвои пофалница. Учениците се подготвуваа под менторство на професорот Жанет J.Сарагиноски.
- На ден 16.03.2026 година учениците од нашето училиште учествуваа на меѓународниот натпревар – Европски квиз на парите од нашата Гимназија учествуваа учениците од 1-2 клас: Вања Крстовска, Лилиа Поцкова, Марко Коруновски и Марко Ристов, кои се подготвуваа под менторство на професорката Весна Павлова. Со оглед на големиот број на учесници и силната конкуренција, нашите ученици постигнаа солидни резултати.
- На 27.2.2026 година, во организација на IECE - Institute for Research in environment, Civil Engineering and Energy и Градежниот факултет од Скопје, се одржа првиот ХАКАТОН на тема „Младински идеи за одржливи градби”. Нашите ученици, за да добијат право на учество, претходно завршија онлајн курс за циркуларна економија во градежништвото. На хакатонот учествуваа три тима од нашето училиште, под менторство на професорката по Физика, Драгана Тевчева. Тимот составен од учениците: Андреј Цецев, Лука Шоптрајанов и Димитар Николов од 3-1 клас, освои трета награда за својата брилијантна идеја, а учениците: Теодора Панова, Ива Илиевска и Бојана Мицевска од 3-2 клас, Матеј Ташев, Љубен Бојаџиев, Славен Бојаџиев и Дамјан Донев од 3-1 клас, иако со многу подобри идеи од останатите тимови, се здобија само со сертификати за учество.
- На 7.4.2026 година, во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, успешно се одржа училиштниот хакатон во рамките на проектот Future Business Challenge 2026. Настанот беше организиран од Heidelberg Business School со цел да се поттикне претприемачкиот дух кај учениците и да се развијат иновативни бизнис идеи во согласност со концептот “Build the Business of Tomorrow“. На хакатонот учествуваа вкупно осум тима, кои во текот на неколку часа работеа на развој на свои бизнис решенија, опфаќајќи елементи како бизнис модел, маркетинг стратегија и презентација на идејата. Учениците имаа можност да ги презентираат своите проекти пред жири-комисија, при што беа оценувани според иновативност, изводливост и квалитет на презентација. Победник на хакатонот беше тимот составен од: Александра Панова, Марко Чипевски, Петар Коруновски, Петар Митревски и Марко Ѓуриќ со бизнис идејата “QueueGo“. Нивната идеја се истакна со својата практичност и современ

пристап кон решавање на реални проблеми. Овој настан претставува значаен чекор кон развој на младите како идни бизнис лидери и нивно вклучување во реалниот свет на претприемништвото.

- На регионалниот натпревар по Македонски јазик и литература кој се одржа на 25.04.2026 година, учениците од нашето училиште ги постигнаа најдобрите резултати во категориите во кои се натпреваруваа. Ученикот Кристијан Мартинов во категорија за учениците од четврта година е прв во регионот според постигнатите резултати и го освои првото место со 97 поени, под менторство на професорката Александра Стојановска. Во категоријата Македонски јазик и литература за учениците од прва година, најдобри резултати во регионот постигнаа нашите ученици и тоа, ученикот Виктор Димов освои 90 поени, а ученичката Ана Јовановска 86 поени и го освоија второто место, под менторство на професорката Цветанка Карамаркова.
- На државниот натпревар по македонски јазик и литература за IV година средно образование кој се одржа на 9.5.2026 година во Скопје. Нашиот ученик Кристијан Мартинов од IV - 3 клас, постигна III НАГРАДА под менторство на професор Александра Стојановска.
- На државниот рецитаторски натпревар кој се одржа на 16 мај во „Сити Мол - Синеплекс" – Скопје, Нашата Гимназија, достоинствено ја претставија шест ученика од прва, втора и трета година во конкуренција на 26 рецитатори од средните училишта во државата. Ученикот Јаков Ѓоргоски од 3-1 клас, под менторство на професорката Магдалена Сарагинова ја освои третата награда. Ученичките: Јана Трипуновска и Теодора Панова, под менторство на професорките Магдалена Сарагинова и Александра Стојановска како и учениците Јована Силјановска, Љубе Лазов и Лана Басаров, под менторство на професорката Цветанка Карамаркова се закитија со благодарници.
- По повод 24 Мај – Денот на сесловенските просветители Свети Кирил и Методиј во Општина Велес на 27.5.2026 година се одржа традиционалниот средношколски ораторски натпревар. На натпреварот ораторите говореа под мотото „Словото не молчи – буквите што ги родија народите зборуваат и денес“. И покрај тесниот избор, нашите гимназијалци и овојпат ја имаа честа да се здобијат со високи награди. Ученикот Љубе Лазов од I година се здоби со втората награда, под менторство на проф. Цветанка Карамаркова, додека пак ученичката Теодора Панова од III година ја доби III награда под менторство на проф. Александра Стојановска. А учениците Лана Басаров и Димитар Кузманов од II година, под менторство на проф. Цветанка Карамаркова се закитија со благодарници за учество.
- На државниот натпревар по Македонски јазик и литература. Кој се одржа во просториите на Филолошкиот факултет во Скопје на на ден 7.6.2026 година учествуваа и учениците при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес , ученикот Виктор Димов од 1-3 клас постигна I НАГРАДА, а ученичката Ана Јовановска од 1-4 клас се здоби со благодраница, под менторство на професор Цветанка Карамаркова.
- На државниот натпреварот по Музичка Уметност во организација на Здружението на Музички педагози на Македонија, кој се одржа на ден 14.5. 2026 година, во ОУК Дом на Млади – Штип, од нашето училиште во категоријата вокални солисти наградени се учениците: Ива Ракициева од IV - 4 клас, прво место со освоени 99,5 бодови, Анастасија Крлева од IV-3 клас, прво место со 97 бодови и Кристина Станишева од III - 4 клас, прво место со 97 бодови. Во категоријата училиштен бенд наградени ученици се: Андреј Цецев, Матеј Богатинов и Кристина Станишева, од трета година со прво место и освоени 98 бодови. Учениците се подготвуваа под менторство на професорот по Музичка уметност, Атанас Зафиров.

Во табелата се прикажани освоените награди на учениците од прво до трето место на државни натпревари

Натпревар	Ментор	Ученик	Освоено место
Државен натпревар по биологија	Елизабета Николовска, Силвана Печкова	Кристина Штерјова	I награда
		Ања Трајковска	II награда
		Виктор Димов	III награда
		Марија Николовска	III награда
		Андреј Бошковски	III награда
		Михаил Перчинковски	III награда
		Дејана Севдинова	III награда
Државен натпревар по математика	Александра Грујова	Ана Митровска	III награда
Државен натпревар по географија	Славица Спасевска	Бојана Мицевска	I награда
Државен натпревар по информатика	Гордана Саздова	Тодор Плъаков	III награда
Државен натпревар по англиски јазик	Соња Трајчева, Христина Леова	Ања Трајковска	II награда
		Владимир Митревски	II награда
		Сандра Ангеловски	III награда
		Ева Јаковлевска	III награда
Државен натпревар по германски јазик	Жанет Јанев - Сарагиновски	Андреј Митковски	II награда
Државен натпреавар по македонски јазик и литература	Александра Стојанова	Кристијан Мартинов	III награда
	Цветанка Карамаркова	Виктор Димов	I награда
Државен рецитаторски натпревар	Магдалена Сарагиновска	Јаков Ѓорговски	III награда
Државен натпревар по хемија	Марјан Стојановски	Ева Стоилковска	II награда
		Ева Јаковлевска	III награда
Економска олимпијада	Снежана Арсеновска	Андреј Бошковски	Бронзен медал
Олимпијада за вештачка интелегенција	Гордана Саздова	Тодор Плъаков	Бронзен медал
Државен натпревар „Спинокио“	Бошко Караџов	Ана Басаров	I место
Државен натпревар по музичка уметност категорија вокални интерпретатори	Атанас Зафиров	Ива Ракиџиева	I место
		Анастасија Крлева	I место
		Кристина Станишева	I место
Државен натпревар по музичка уметност категорија училиштен бенд	Атанас Зафиров	Андреј Цецев, Матеј Богатинов, Кристина Станишева	I место

Преглед на општиот успех на учениците на крајот од учебната 2025/2026 година

Година	Машки	Женски	Вкупно	Постигнат успех								Вкупно			Со недоволен успех						Не оценет	Среден успех
				Одличен		Многу добар		Добар		Доволен					Со-1 слаба		Со-2		Со-3			
				М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж	Вкупно	М	Ж	М	Ж	М	Ж		
I	46	65	**111**	24	44	11	17	11	4	/	/	46	65	**111**	/	/	/	/	/	/	/	**4,48**
II	24	54	**78**	14	35	4	11	6	8	/	/	24	54	**78**	/	/	/	/	/	/	/	**4,48**
III	42	67	**109**	28	45	10	19	4	3	/	/	42	67	**109**	/	/	/	/	/	/	/	**4,5**
IV	31	48	**79**	26	44	1	2	/	2	4	/	31	48	**79**	/	/	/	/	/	/	/	**4,66**
Вкупно	**143**	**234**	**377**	**92**	**168**	**26**	**49**	**21**	**17**	**4**	**/**	**143**	**234**	**377**	**/**	**/**	**/**	**/**	**/**	**/**	**/**	**4,53**
Вкупно 2025/2026 година				**260=69%**		**75=19,8%**		**38=10,1%**		**4=1,1%**		**100%**			**/**		**/**		**/**		**/**	**4,53**
Вкупно 2024/2025 година				**274= 71,2%**		**71 = 18,4%**		**33= 8,6%**		**6 = 1,3%**		**99,2%**			**/**		**/**		**1 = 0,3%**		**/**	**4,45**
Учебна 2023/2024 година				**298 = 67,9%**		**92 = 20,9%**		**32 = 7,3%**		**4 = 0,9%**		**97,0%**			**/**		**/**		**7=1,59 %**		**/**	**4,45**

Преглед на изостаноците на учениците на крајот од учебната 2025/2026 година

Година	Изостаноци						Поведение			
	Оправдани	Неоправдани	Вкупно	Просек по ученик	Машки	Женски	Примерно	Добро	Незадоволително	Вкупно
I година	4721	251	4972	44,7	49,4	41,5	111	/	/	111
II година	3000	357	3357	43	44,4	42,4	71	7	/	78
III година	5792	338	6130	56,2	60,7	53,4	109	/	/	109
IV година	4650	312	4962	62,8	83,7	49,3	70	9	/	79
Вкупно 2025/2026 година	**18163=48,1**	**1258=3,3**	**19421**	**51,5**	**59,3**	**46,7**	**361**	**16**	**/**	**377**
Вкупно 2024/2025 година	**22339 = 58**	**1319 = 3,4**	**23658**	**61,4**	**60,6**	**50,1**	**371**	**5**	**8**	**384**
Вкупно 2023/2024 година	**22143 = 50,4**	**1567 = 3,6**	**23710**	**54,0**	**60,6**	**50,1**	**414**	**15**	**10**	**439**

Во текот на учебната 2025/2026 година изречени се следните педагошки мерки:
-16 писмени опомени изречени од Советот на паралелката и 41 писмена опомена од Раководителот на паралелката.

Оправданите изостанувања се поради здравствени проблеми на учениците. Неоправданите изостанувања најчесто се направени поради задоцнување и несериозност на учениците кон своите обврски како ученици. Од направената анализа во однос на изостанувањето по пол може да се согледа дека во секоја генерација, освен во прва година, повеќе изостануваат момчињата, во однос на девојчињата. Ставот на сите чинители на воспитно – образовниот процес е и понатаму да се залагаме воспитно да делуваме кај учениците во соработка ѝ со родителите, иако знаеме дека воспитниот процес е сложен и комплексен, кој бара знаење, време, трпение, разбирање и взаемно делување од сите фактори и субјекти во воспитувањето на младите луѓе.

Учество во проекти

Во текот на учебната година, училиштето реализираше активности во рамките на неколку проекти и тоа:

- Во рамките на проектот **„Мировно образование“,** а во соработка со Првата детска амбасада „Меѓаши“, учениците и наставниот кадар од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, Велес, традиционално, по дванаесетти пат ја изведоа Мировната парада, одбележувајќи го 21 Септември –Светскиот ден на мирот. Оваа година мотото на Парадата беше: „Мирот гори, ако природата пламне“. Оваа учебна година учениците, гимназијалци, заедно со учениците деветтоодделенци и професорите ја пренесоа пораката дека грижата за природата и мирот се неразделни.

  -Членовите на Мировното образование од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“-Велес, во периодот од 21 до 22 ноември 2025 година активно учествуваа на 4-та Конференција за Мировно образование. Во рамките на конференцијата, преку работа во тематски групи, тие ги споделија своите искуства, идеи и практики поврзани со развојот на Мрежата на мировни училишта и со тоа дадоа значаен придонес во идентификување на клучните предизвици и можни решенија за унапредување на Мировното образование во образовниот систем.

- Во рамки на проектот **„Промоција на безбедна училишна средина“** чија цел е придонес кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина, учениците од ученичкиот совет проследија тридневна обука за изработка на иницијатива за аплицирање за грант.

  -На 19 и 21 ноември 2025 година, во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, во нашето училиште се одржаа две едукативни работилници со ученици од прва и втора година од страна на врснички едукатори на тема: „ Преку врсничка медијација до ненасилна комуникација“. Работилниците беа поддржани од проектниот партнер Прва детска амбасада во светот Меѓаши, а нивни претставници имаа консултативна средба со членови од Советот на родители од училиштето. Во улога на врснички едукатори беа учениците од трета година: Ана Куновска, Теона Гаштарска, Ања Трајковска, Нина Митевска, Бојана Мицевска, Теодора Панова, Мила Петковска, Амина Мустајбашиќ, Никола Стојановски и Матеја Андреева. Според концептот за врсничка едукација, нашите врснички едукатори ставија посебен акцент на подобрување и развој на капацитетите кај учениците за препознавање на различните стилови на комуникација со посебен акцент на врсничката медијација. Целта на овие работилници е преку врсничка едукација да се придонесе за подигнување на свеста кај учениците за меѓусебна поддршка и градење позитивна безбедна училишна средина.

  -По добиениот грант од 30000 денари на ученичката иницијатива се реализираа поткасти со наставници и ученици на тема „ Безбедна гимназија и грижа за менталното здравје“.

  -На 21 и 22 март 2026 година во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, во нашето училиште се одржаа две едукативни работилници со ученици од прва, втора и трета година од страна на врснички едукатори на тема: „Преку врсничка медијација до ненасилна комуникација“. Во улога на врснички едукатори беа учениците од трета година: Ана Куновска, Теона Гаштарска, Ања Трајковска, Нина Митевска, Бојана Мицевска, Теодора Панова, Мила Петковска, Никола Стојановски и Матеја Андреева.

-На 24 март 2026 година стручните соработници реализираа работилница со родители на тема „Улогата на родителите во зајакнување на менталното здравје кај адолесцентите преку поддршка и отворена комуникација“.

- Во текот на учебната година во рамки на проектот Access се реализираа голем број на активности и работилници, но како заокружување на учебната година, во работна посета на Access групата од Велес беше в.д. амбасадорката на Соединетите Американски Држави, Н.Е. Никол Варнс. На несекојдневен начин, но автентичен за одржување на часовите на Access групата од Велес, амбасадорката беше топло пречекана, а часот го отвори Access наставниците на групата во Велес, Елеонора Панова и Владимир Смилев. Со поздравен говор се обрати Илија Попов, директор на училиштето, кој истакна дека Програмата Access, на национално ниво, првпат е воведена и со реализација започна во 2015 година во СОУ „Гимназија Кочо Рацин" - Велес. Учениците имаа можност лично да се запознаат и директно да разговараат со амбасадорката, да споделат лични искуства од Access Програмата, да го презентираат сработеното и досега постигнатите резултати, и да ѝ постават прашања, поврзани како со приватниот, така и со професионалниот живот. Беа споделени информации и конкретни факти во врска со досегашното постоење на петте Access групи во Велес, детали за начинот на одржување на часовите, темите кои се обработуваат, а секако не изостанаа и информациите во врска со богатото културно и историско минато на нашиот град. Амбасадорката во своето обраќање сподели неколку совети до учениците. Да бидат секогаш љубезни и да вложуваат во своите знаења преку развивање на вештини кои ќе им бидат од корист со прилагодување кон новите технолошки достигнувања, а пред сè внимателна и корисна употреба на вештачката интелигенција. Да имаат критичко размислување кон сè во животот, да истражуваат, да анализираат, да прашуваат и континуирано да се наобразуваат. На средбата беа присутни и Анита Смилевска, психолог во СОУ „Гимназија Кочо Рацин" - Велес, Борка Танеска, претставник на американската амбасада, Стела Пијанманова Стојаноска, претставник на Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, како и неколку алумни ученици.
  Access English Microscholarship Програмата е едукативно - образовна Програма за изучување на англискиот јазик и американската култура, која се реализира во СОУ „Гимназија Кочо Рацин” - Велес, во соработка со Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), Скопје, а е финансиски поддржана од страна на амбасадата на Соединетите Американски Држави.

- Во рамките на програмата Еразмус +, наставниот кадар при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес присуствуваше на презентација на обуката во рамките на проектот „Унапредување на наставата и раководење на образованието во 21 век“ во клучна акција 1, мобилност на наставен кадар.
  Според проектната апликација беа предвидени следните содржини:
  - учество во структурна обука „Примена на вештачка интелигенција во наставата“ за два наставника во Италија;
  - посета на работно место во училиште Еспириту Санто во Малага, Шпанија, исто така за два наставника.
  Проектот е во времетраење од дванаесет месеци, започнувајќи од 1 јуни 2025 година, а предвидените активности ќе се реализираат во текот на оваа учебна година. Во прекрасна атмосфера и расположение, презентацијата се реализираше во преубавите предели на село Ореше и неговата околина.
- Од 17 до 21.05.2026 година во рамките на Еразмус проектот на нашето училиште, се реализираше посета на работно место во училиштето Еспириту Санто во Малага, Шпанија. Целта на оваа мобилност беше споредување на образовните системи,

начинот на функционирање и менаџирање на училиштето, изведувањето на наставата, дидактичките помагала и технологијата која се користи во наставата. Посетата беше на взаемно задоволство на двете училишта со можност за понатамошна соработка.

- Во рамки на проектот Social Day Еразмус, СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес е победничкото училиште со 23 партнери, 49 позиции и собран фонд од 73.500 денари, кое ќе добие 222.900 денари од фондот на СД. Проектот беше под менторство на проф. Благица Аризанова Шопов и амбасадорите Лили Андовска и Ања Трајковска.
- Во рамки на програмата на Мировен корпус во нашето училиште е назначен волонтер кој ќе ја следи наставата и ќе соработува со наставниците по англиски јазик во тек на две учебни години.

- Во рамките на проектот Меѓуетничка интеграција во образованието во нашето училиште се реализираа самостојни работилници во согласност со годишните планирања на наставниците. Училиштето во текот на месец ноември аплицираше за грант од 60 000 денари, по распишан конкурс од страна на МОН, истиот е одобрен и активностите од апликацијата се реализираа во текот на второто полугодие. Во месец декември се реализираше и онлајн мултикултурна работилница со партнер училиштето СУГС Гимназија Зеф Љуш Марку од Скопје во кое наставата се реализира на албански наставен јазик. Работилницата се реализираше на тема Животниот и творечкиот пат на Коста Солев Рацин. На активноста од нашето училиште беа присутни учениците од 1^{2} клас и 2^{4} клас под менторство на наставниците Весна Павлова и Линдита Маликова.
- Во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“,од добиениот гранд на ден 8.04.2026 година се одржа еко работилница на тема „Еколошка патека низ времето“. Учениците преку дискусии, ролева игра и анализа на фотографии ја истражуваа промената на односот човек – природа во три периоди: пред индустријализација, за време на индустрискиот развој и во услови на воени дејства. Работилницата придонесе за подигнување на еколошката свест, развивање на критичко мислење и зајакнување на меѓуетничката соработка помеѓу младите. Учениците активно учествуваа и предложија идеи за спречување на идни загадувања, потврдувајќи дека заштитата на животната средина е заедничка одговорност.
- Од добиениот гранд од МОН се реализираше работилницата „Еко Село – Еколошка патека низ времето“, со организирана посета на селото Раковец и локалната грнчарија во околината на Чашка. Учесниците имаа можност да се запознаат со традиционалните занаети и начинот на живот во руралната средина, како и да ги поврзат овие искуства со современите концепти за одржливост. Оваа активност овозможи размена на идеи, промовирање на локалната култура и поттикнување на размислување за интеграција на еколошки практики во секојдневниот живот.

- Како дел од активностите за реализација на проектот МИО, на ден 13.5.2026 година ученици од Гимназијата го посетија Природно - научниот музеј во Скопје. Оваа активност ја реализираме со поддршка од грантот МИО. Учениците со свои активности се приклучија на работилницата под наслов „Патување низ природата и вселената“. Тие имаа можност да видат различни руди и минерали кои потекнуваат од нашата земја, како и фосилни остатоци од геолошката историја на нашето тло. Посетија и оддел наменет за видови животни и растенија карактеристични за нашата биосфера. Заедно со одговорните професорки од природните науки, Славица Спасевска и Елизабета Николовска, учениците од Гимназијата поминаа преубав ден исполнет со наука и дружење.
- Во рамките на проектните активности посветени на меѓуетничка интеграција, соработка и развивање култура на толеранција, успешно беше реализирана едукативната работилница „Board Games in Classroom“. Активноста се одвиваше под менторство

и фасилитација на наставникот д-р Бошко Караџов и беше заснована врз современиот пристап на учење преку игра (game-based learning), кој сè почесто се применува во современите образовни практики како ефикасен модел за активно и интерактивно учење. Преку користење на едукативни друштвени игри на плоча, учениците имаа можност не само да ги продлабочат своите знаења од општествено-хуманистичките науки, туку и да развиваат критичко размислување, тимска комуникација, стратегиско планирање, соработка и здрава натпреварувачка атмосфера. Активноста придонесе и за дополнително зближување и дружење меѓу учениците од различни етнички и социјални средини, поттикнувајќи позитивна интеракција и меѓусебно почитување. По претходното запознавање со популарните едукативни игри како Catan, Dixit, 7 Wonders, Mysterium, Celestia и други, учениците оваа година имаа можност да се сретнат и со нови комплексни и тематски богати наслови, меѓу кои Alma Mater, Scholars of the South Tigris и Ierusalem: Anno Domini. Во рамките на активноста традиционално беше организиран и училиштен турнир, на кој со особена успешност се истакнаа учениците: Гоце Колевски, Хајруниса Јазичи и Лилјана Дафоска.

- Завршната работилница од добиениот гранд се реализираше на ден 20.05.2026 година во просториите на нашето училиште, како интегрирана проектно – истражувачка активност која ги обедини училишната подготовка, теренската работа и научно-визуелната посета. Целта беше учениците преку истражување, директни искуства и набљудување да ја разберат поврзаноста меѓу природата на Земјата и поширокатa вселена, како и да развијат свест за одржливиот развој. Соработката меѓу учениците се одвиваше преку тимска работа, размена на идеи и заедничко донесување заклучоци. Финалниот резултат беше создавање на постери, презентации и макети кои го прикажуваат „патувањето“ од природната средина до вселената. Особено значајно е што учениците изработија макети на Еко Село во три временски димензии – минатото, сегашноста и иднината – со што визуелно ја претставија еволуцијата на одржливите практики и можните насоки за развој.
- СОУ Гимназија "Кочо Рацин" - Велес во текот на оваа учебна година беше дел и од проектот „Создавај, информирај, инспирирај! Од локално до глобално: Младински Impact Media Hub за позитивни промени“ и дел од проектот „XYZ Transformers: Млади за Green Gen зелени општини“.

Јавна и културна дејност на училиштето

Преку ова подрачје, училиштето настојува на потесната и поширокатa јавност да ги презентира своите активности и да се афирмира како воспитно-образовен и културен фактор во средината каде живее и работи.

Во реализација на ова подрачје остварени се следните содржини:

По повод 8 Септември, Денот на независноста на Р.С. Македонија, делегација од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес, се поклони и положи свежо цвеќе во спомен – костурницата.

На 24.09.2025 година во организација на СУС Велес, со поддршка на Општина Велес, на сите спортски терени во општината се одржа спортски настан „Спорт за сите – од градинка до матуранти“.

Настанот промовираше симбол на заедништво, спортски дух и иднина во која вложуваме сите заедно и имаше за цел да опфати ученици од различни возрасни групи (од градинка до завршните класови во средните училишта), да поттикне здрави навики и физичка активност кај младите, да ја промовира употребата на спортските објекти во училиштата и да покаже дека спортот е

важна инвестиција во иднината на нашите деца. Гимназијалците спортисти под менторство на своите наставници по спорт активно се вклучија во настанот.

- **Одбележување на 26 Септември – Денот на Европските јазици**

Во нашето училиште со учениците од прва и втора година од билингвалните паралелки се одбележа 26 Септември – Денот на Европските јазици. Пред Гимназијалците, на забавен и креативен начин, учениците од овие паралелки подготвија неколку активности: интерактивен квиз, штафелаи со игра меморија, како и хамер со мапа на Европа на кој учениците од Гимназијата ја одбележаа земјата во која биле и на истиот запишаа по неколку збора на јазикот од таа земја.
На настанот учениците имаа можност да се фотографираат со изработените реквизити поврзани со традицијата и културата на повеќе европски земји, изработени од учениците од билингвалните паралелки во Гимназијата.
Настанот се реализираше под менторство на професорите од стручниот актив по Мајчин јазик и странски јазици: Благица Аризанова Шопов, Билјана Миланова, Весна Павлова и професорката по Ликовна уметност, Јулијана Михова.
Европските денови на културното наследство беа одбележани и преку посета на изложба на дела од архитектот Петар Намичев.
Како дел од фестивалот на џез, world и современа музика, на ден 26.9.2025 година, ученици од нашата Гимназија ја посетија ликовната изложба „Преиспитувања" на Тони Попов и Никола Пијанманов. Изложба се одржа во фоајето на театарот „Ј.Х.К. Џинот“ - Велес.

Истиот ден учениците учествуваа и на работилницата за цијанотипија во соработка со Центар за креативни индустрии - НЕБО/Center for creative industries - NEBO.

По повод чествувањето на 11 Октомври, Денот на народното востание на Македонија, делегација од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес, се поклони и положи свежо цвеќе во спомен - костурницата.

- **Одбележување на месецот на книгата**

И оваа учебна година еден октомвриски ден го посветивме на благородната водилка во нашето живеење – книгата.
Искрено добредојде, во овој прекрасен октомвриски ден, им посакавмена учениците од деветто одделение од основното училиште: „Кирил и Методиј“, „Васил Главинов“ и „Блаже Конески“.
Денот се одбележи со низа активности: сплет од мисли во приказна посветена на важноста на книгата и читањето.
Денот посветен на книгата, беше збогатен со интересни интерактивни активности со содржини од областа на македонската литература.
Активностите имаа натпреварувачки карактер. Кон учениците, деветтоодделенци, се обрати професорт Бошко Караџов, кој како автор на неколку издадени книги ги запозна учениците со процесот на издавање на книгите и авторството.
На настанот, Гимназијалците:Ива Ракиџиева, Изабела Жабева, Катја Зафирова, Јана Пљокова, Славјанка Андреев и Јана Трипуновска, ги запознаа учениците од деветто одделение со подрачјата што се изучуваат во гимназиското образование. Во музичкиот дел на програмата, настапија учениците: Ива Ракиџиева, Матеј Богатинов, Кристина Станишева и Димитар Илиев.Реализирањето на оваа активност беше координирана од професорите по Македонски јазик и литература, Ликовна и

Музичка уметност.Програмата ја водеше ученичката Изабела Жабева. Пријатните мигови од овој настан ги овековечи ученичката Сара Јорданова.

Традиционално, по четврти пат, учениците од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, во салата „Бели мугри“, го одбележаа, 16-ти октомври, ден кога трагично згасна, животот на дваесет и шест годишниот, Тоше Проески, големата музичка ѕвезда од нашата естрада. Во негова чест и оваа година, учениците од Гимназијата „Кочо Рацин“, Велес, под менторство на професорите: Магдалена Сарагинова, Јулијана Михова и Атанас Зафиров, организираа хуманитарен настан и пригодна програма. Оваа година кон чествувањето се приклучија и нашите најмали, дечињата од Детската градинка „Димче Мирчев“, кои со две музички точки го збогатија настанот. На сцената кон присутните гости се обрати Филип Настов, нашиот поранешен ученик, учесник и еден од иницијаторите на настанот. Преку перформансот, „Тоше, во срце те носиме!“, ученичките Изабела Жабева, Лана Ракиџиева и Лана Басаров, нè потсетија на животниот пат и дело на прерано загинатата македонска ѕвезда која гордо чекореше на музичката сцена.Уживавме во музичкиот колаж од врвните музички остварувања на Тоше, во изведба на ученичките: Ива Ракиџиева, Изабела Жабева, Кристина Станишева, кореографија Лана Ракиџиева и Марија Симоновиќ во придружба на учениците од училиштниот бенд: Андреј Цецев, Матеј Богатинов, Бубе Лазов, Димитар Илиев и Ангел Димов. Низ настанот не водеа учениците: Јана Пљокова и Кристијан Мартинов.

- СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, која со гордост го носи името на својот патрон и оваа година се вклучи во **одбележувањето на 58. Детски Рацинови средби** со следните активности.

-Во предвечерието на 12 ноември, започна одбележувањето на манифестацијата и празничните денови во чест на великанот и најголемиот поет помеѓу поетите, Коста Солев Рацин.

-Директорот и вработените при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, со положување на букет цвеќе на бистата на Рацин во училиштниот двор на Гимназијата и спомен – Костурницата, му оддадоа почит на својот патрон.

-По повод 58. Детски Рацинови средби, учениците: Андреј Лазов, Лука Кочов, Ѓорѓи Јаковлевски, Горјан Димитров, Христина Кочовска, Марија Симоновиќ и Лана Ракиџиева, со професорката по Македонски јазик и литература, Соња Карбева, беа дел од активноста „На гости кај Рацин“ и ја посетија Спомен – куќата на Рацин.

-Чествувањето продолжи во медијатеката на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ каде се одржа работилница за креативно пишување на поезија, проза и ликовно творење на тема „Кога денот од стих се раѓа“ со учениците од основните и средните училишта во градот.

-Во духот на чествувањето на ликот и делото на Рацин, беше распишан поетски и ликовен конкурс на тема „Кога денот од стих се раѓа“ и натпревар во ораторство на тема „Работничко мастило - поетска крв“. Учениците имаа можност да учествуваат и на рецитаторски натпревар на кои интерпретираа стихови од Рациновата поезија од песната „Балада за непознатиот“.

-Учениците од јазично - уметничкото подрачје: Анамарија Костовска, Сандра Наќева, Сергеј Рушков, Дора Димова, Сара Јорданова, Марија Спасеска, Стефанија Кузамнова, Марија Манева, Анастазија Николовска, Деспина Стојанова и Виктор Здравев, инспирирани од ликот и делото на поетот Кочо Рацин, изработија прекрасни уметнички креации кои беа изложени на платото пред Народниот театар „Ј.Х.К.Џинот“ – Велес.

- **Одбележување на 86 годишнината од излегувањето на стихозбирката „Бели мугри“ од Кочо Рацин**.

Како и секоја година, така и оваа, традиционално го чествуваме Рацин и неговата поезија. Настанот започна со прикажување на видеозапис за животот и делото на Кочо Рацин под наслов „Бесмртниот“, подготвен од страна на Локалната библиотека.За значењето на Рациновата стихозбирка „Бели мугри“, на тема „Белите мугри низ историјата“ говореше проф.д-р Виолета Ачкоска.

Рацин секогаш имал достојни наследници меѓу учениците во Гимназијата која со гордост го носи неговото име. Нашите млади рецитатори, вљубеници во поезијата, ни ги пренесоа Рациновите стихови.

- **Одбележување на Денот на албанската азбука**

По тој повод учениците од паралелките со настава на албански јазик и оваа учебна година во нашето училиште организираа литературно читање. Со нивните прозни и поетски творби учениците уште еднаш се потсетија на 22 Ноември, денот кога се одржа Битолскиот Конгрес, кога се поставија темелите на албанскиот јазик, литература и култура. На настанот учествуваа ученици од прва до четврта година под менторство на професорката по Албански јазик и литература, Линдита Маликова.

- Одбележување на меѓународниот ден на наставникот по француски јазик реализиран со низа активности на забавен и креативен начин од страна на учениците од прва, втора и четврта година под менторство на професор Билјана Миланова;

- **Одбележување на 14 февруари -** По повод Денот на вљубените 14.02.2026 (Свети Валентин) и Денот на виното (Свети Трифун), во нашето училиште се одржа музички настан. Учениците: Ива Ракиџиева, Кристина Станишева, Теона Тосевска и Марко Стојановски, под менторство на наставник Атанас Зафиров, преку изведба на неколку музички композиции ги одбележаа овие празници. Учениците од јазично - уметничкото подрачје, под менторство на професорката по Ликовна уметност, Јулијана Михова, со прекрасни изработки го украсија училиштниот хол. Во улога на водител настапи ученикот Љубе Лазов.

- **Одбележување на Меѓународниот ден на жените и девојките во науката“-**

На 18 февруари 2026 година, во просториите на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес, беше реализиран едукативен настан по повод одбележувањето на „Меѓународниот ден на жените и девојките во науката“, во соработка со Europe House Veles.
Настанот беше организиран од Стручниот актив по Природни науки и се одвиваше во кабинетите по биологија, физика и хемија, при што учениците имаа можност активно да учествуваат во изведба на експерименти и презентации.

- **Одбележување на 21 февруари - Меѓународениот ден на мајчиниот јазик**

Во чест на 21 февруари, Меѓународениот ден на мајчиниот јазик, Младинскиот центар Велес, во соработка и со поддршка на Локалната библиотека „Гоце Делчев“, организираше инспиративна и едукативна работилница за значењето на мајчиниот јазик.
На работилницата поканети беа и нашите ученици. Гостин - предавач беше Магдалена Сарагинова, професор по Македонски јазик и литература во СОУ Гимназија „Кочо Рацин“- Велес. Таа ги запозна учениците, за потеклото, развојот низ вековите како и за значајните карактеристики на македонскиот јазик, по кои тој се разликува од другите балкански јазици.

- По повод ***7* март**, **Денот на албанскиот наставник**, учениците од паралелките со настава на албански јазик со своите поетски и прозни творби го означија овој ден значаен за развојот на образованието на албанскиот народ.
- **Меѓународниот ден на жената, 8 Март**, учениците од СОУ „ Гимназија Кочо Рацин“ со гордост ја поддржаа иницијативата на општина Велес за организирање на Осмомартовскиот средношколски марш под мотото: Посилни од тишината, посветли од силуетата! Тие маршираа заедно со средношколците од другите средни училишта од нашиот град, со цел да се подигне свеста за еманципацијата на жената и да се почитуваат начелата за одбележување на 8 Март Меѓународниот ден на жената.

По маршот во Младинскиот парк се одржа настан посветен на одбележувањето на празникот на жената. Во програмата учествуваа и нашите ученици кои преку музика, уметност и пораки го истакнаа значењето на жената во општеството. Во рамки на настанот беше поставена и ликовна изложба со дела изработени од нашите ученици. Преку цртежи, бои и симболи, младите културни уметници ја претставија жената како инспирација, сила и двигател на општеството.

- **Одбележување на 14 Март - Денот на бројот π (пи),**

Меѓународниот ден на еден од најпрепознатливите ирационални симболи - бројот π (пи) познат како Лудолфов или Архимедова константа, број кој го претставува односот на обиколката на една кружница со нејзиниот пречник (дијаметар), се одбележа и во нашата Гимназија.

Преку различни активности, учениците на интересен и креативен начин го продлабочија своето знаење од областа на математиката, покажувајќи ја својата љубопитност кон математичките науки.

Учениците од нашето училиште учествуваа и на завршниот настан од Денови на математиката кој се одржа во ООУ „Блаже Конески“.

- **Одбележување на 83 годишнината од штрајкот на велешките Гимназијалци,**

Прославувањето на настаните со кои одбележуваме значајни датуми од славната историја на македонскиот народ, секогаш не исполнуваат со чест, задоволство, но и со света обврска никогаш да не заборавиме кои сме и која е нашата света цел.

И оваа година ја споивме историјата со современото време преку театарската претстава „Штрајкот на велешките Гимназијалци“. Нашите ученици ги оживеја вистинските настани од 14 Март 1942 година, пренесувајќи ја храброста и непокорливиот дух на Гимназијалците што го обележаа овој историски чин. На настанот потсетивме и ги насочивме нашите мисли и срца кон едно место и еден ден што трајно оставија длабоки рани во нашата заедница. На 16 март 2025 година, пред точно една година, трагедијата во Кочани која никој од нас не можеше да ја предвиди, однесе шеесет и три животи. Меѓу нив беа млади луѓе, деца од нашата генерација, со соништа, планови и насмевки што беа ненадејно прекинати.

Годинешнава претстава во себе има елементи што ја прават поразлична од сите досегашни театарски претстави, бидејќи при изведбата на истата присутната публика имаше можност да ја види исклучителната талентираност на нашите ученици во повеќе области: актерство, музика, изработка на видеа и постери.

Фоајето на театарот беше местото каде што публиката имаше можност да ги проследи фотографиите изработени од промо - тимот на училиштето и учениците од јазично - уметничкото подрачје.

Учениците при подготовката на театарската претстава работеа под менторство на професорките по Македонски јазик и литература: Цветанка Карамаркова и Весна Павлова во соработка со професорите по Музичка и Ликовна уметност, Атанас Зафиров и Јулијана Михова.

- **Одбележување на 27 Март – Светскиот ден на театарот**

По повод 27 Март, Светскиот ден на театарот, учениците од јазично – уметничкото подрачје и учениците од останатите подрачја од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, со професорките по Македонски јазик и литература Цветанка Карамаркова и Весна Павлова, присуствуваа на генералната проба на театарската претстава „Тестостерон“ од полскиот автор Анџеј Серемонович. Претставата премиерно се изведе на 27 март 2026 година во Народниот театар „Ј.Х.К.Џинот“ – Велес. Претставата е во режија на Синиша Ефтимов и со неа се отвори петтото изадние на театарскиот фестивал „5-РЕ“.

- **Одбележување на 123 години од Солунските атентатори – Гемиџиите**

Оваа година одбележуваме 123 години од акциите на Солунските атентатори – Гемиџиите, преку сценска изведба од театарската претстава „Самооткажаните“, која премиерно беше изведена по повод 120 години од прославувањето на историскиот настан Солунските атентатори - Гемиџиите. Многубројната публика на нашиот град ја проследи приказната за една бујна и непоколеблива младост, во чие срце бие љубовта за својата земја и за својот народ. Својот актерски талент на прославувањето на овој значаен историски настан го покажаа младите актери: Кристијан Мартинов, Ива Ракиџиева, Јана Пљокова, Теодора Панова, Лана Басаров и Берфин Тафоска. Во музичкиот дел настапија ученичките: Кристина Станишева со интерпретација на химната на нашата држава и химната на градот Велес и Ива Ракиџиева со вокална изведба на песната „Народе македонски“. Во улога на водител настапи ученичката Јана Пљокова. Учениците се подготвуваа под менторство на професорките по Македонски јазик и литература: Цветанка Карамаркова и Весна Павлова и професорот по Музичка уметност, Атанас Зафиров.

- **Одбележување на 63. Рацинови средби**

Во рамките на одбележувањето на 63. Рацинови средби, ученици од нашата Гимназија со особена чест и гордост учествуваа во настаните посветени на нашиот великан и патрон Кочо Рацин, оставајќи свој белег во чествувањето на неговото богато литературно и културно наследство. Во утринските часови тие беа дел од поетското читање „Кондензирани воздиви“, во рамките на програмата беше организирано и засадување на садници во училиштниот двор.

Учениците учествуваа заедно со почитуваниот градоначалник на Општина Велес, Марко Колев, и претставници од Општината. Во активностите учествуваа учениците: Теодора Панова, Лана Ракиџиева, Јована Силјановска и Љубе Лазов, под менторство на професорките: Цветанка Карамаркова и Весна Павлова, кои со својата посветеност и поддршка придонесоа за достоинствено претставување на нашето училиште. Во периодот од 1 до 3 јуни, учениците Теодора Панова, Кристијан Мартинов, Лана Басаров, Кристина Станишева и Берфин Тафоска, под менторство на професорките Цветанка Карамаркова и Александра Стојановска, присуствуваа на Деновите на Рациновото чествување. Манифестацијата се одржа по вторпат оваа година во Прилеп, а нашата Гимназија имаше посебно учество како најстара гимназија на Балканот. Учениците учествуваа на свеченото отворање на настанот и ја посетија Могилата на непобедените, каде положија цвеќе во знак на почит, го посетија Меморијалниот музеј „11 Октомври 1941“ и се запознаа со значаен дел од македонската историја.

Главната претстава носеше наслов „Кога зборува Рацин, зборува Македонија“, а учениците од гимназијата учествуваа со одделен, емотивен сегмент од сценската изведба ,,Самооткажаните” , инспириран од кажувањата и сеќавањата кои ги претставуваат Гемиџиите.

- **Одбележување на Денот на Европа**

На 12 мај 2026 година, учениците од нашата Гимназија со заедничка акција, тимска работа, насмевки и многу позитивна енергија, засадија повеќе од две илјади садници на езерото „Младост“. Преку оваа акција направивме мал, но значаен чекор кон позелена иднина.Ова не е само акција за садење дрвја. Ова е потсетник дека кога сме сплотени, дури и најмалите чекори можат да донесат големи промени. Секое засадено дрво е трага што ќе остане за идните генерации.

- **Одбележување на денот на Сесловенските просветители Св.Кирил и Методиј**

По повод чествувањето на Денот на сесловенските просветители, Св. Кирил и Методиј, Општина Велес и оваа година донесе решение со наградата за најдобар просветен работник во средното образование да се закити професорката Елизабета Николовска.

Активности за одбележување на Патронатот на училиштето

По повод **патрониот празник** на училиштето се реализираа повеќе активности:

- Директорот и вработените при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, со положување на букет цвеќе на бистата на Кочо Рацин во училишниот двор на Гимназијата и Спомен – Костурницата, му оддадоа почит на својот патрон и ја одбележаа 168 годишнината од одбележувањето на Патрониот празник.
- По повод Патрониот празник, училиштето во соработка со Општинската организација на Црвен крст – Велес и Институтот за трансфузиона медицина од Скопје, традиционално организираа крводарителска акција, која се одржа во нашето училиште. Акцијата ја поддржа и градоначалникот на нашата општина Марко Колев, кој заедно со учениците, вработените и родителите уште еднаш ја демонстрираа својата хуманост и солидарност, дарувајќи вкупно седумнаесет крвни единици.
- Традиционално, во чест на нашиот патрон, Коста Солев Рацин, Стручниот актив по Мајчин јазик и странски јазици и проф. по Ликовна уметност, распишаа литературен и ликовен конкурс за основните и средни училишта од нашата општина и околината. Оваа година, темата за создавање на поетски и ликовни творби беше „Мајката на Рацин - тивка сила за гласен збор“.

  На литературниот и ликовниот конкурс пристигнаа голем број на творби кои ни докажаа дека младите генерации, умеат своите мисли и идеи да ги преточат во пишани зборови.
- Како дел од активностите реализирани по повод одбележувањето на Патрониот празник, е и активноста „Научен лавиринт– патека на идните генерации“ реализирана од страна на активот по природни науки, математика, иинформатика при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“. Активноста се реализираше како интерактивна игра во која учениците преку тимска работа и игра, решаваа прашања од областа на математиката, информатиката, физиката, хемијата, биологијата и

географијата. Со присуство на ученици и наставници од основните училишта од нашиот град, создадовме инспиративна атмосфера исполнета со љубопитност, знаење и љубов кон науката.

- Одржување на историска работилница на тема: Кочо Рацин и неговите „Бели мугри“. На работилницата присуствуваше професор д-р Виолета Ачкоска, која со своето исцрпно излагање ги пренесе знаењата поврзани со Кочо Рацин како поет, револуционер и историска личност. На Работилницата присуствуваа професорите по Историја, Сашко Николовски и Валентина Р.Арсовска, професорот по Филозофија, Бошко Караџов и професорката по Македонски јазик и литература, Весна Павлова. Учениците од Гимназијата и нашите гости, учениците од деветто одделение од основните училишта во градот, ги продлабочија своите знаења за содржините на филозофските текстови на Коста Солев Рацин.
- Одржување на филозофска работилница на тема: „Рацин и насмевката на Мона Лиза“ во која учениците од четврта година се запознаа со содржините на Рациновата статија „Блазирани глупости за насмевката на Мона Лиза“ и неговите филозофски погледи за улогата на уметноста во општеството. Дополнително, учениците имаа можност да ги проследат оргиналните фотографии, работните белешки, дописните картички, изворните документи, книжевно - поетските ракописи и други архивско - историски материјали поврзани со Кочо Рацин. Работилницата ја подготвија и реализираа професорите: Бошко Караџов и Пале Трпкова.
- Божиќната претстава „Finding the Christmas spirit” се одржа во организација и реализација на учениците од билингвалната паралелка од втора година, заедно со учениците од останатите паралелки. Програмата беше збогатена со музички точки во кои беа вклучени, како новогодишни, така и други популарни мелодии. На претставата гостуваа и учениците од Посебното основно училиште „Маца Овчарова“ – Велес. Одржувањето на овој настан беше координиран од професорките: Благица А. Шопов и Жанет Ј. Сарагиновски.
- По повод Патрониот празник на Гимназијата, во прекрасна атмосфера во спортската и фитнес салата, се реализираа одбојкарски натпревари во мешан состав, како и зумба активности кои привлекоа исклучителен интерес. Во активностите учествуваа одбојкарите гимназијалци и деветтоодделенците од основните училишта.
- Во чест на нашиот Патрон се објави и шестото специјално издание на нашиот е-весник „Гимназијалец“ подготвен од членовите на Медиумскиот клуб.
- **Ликовна изложба** на тема: „Мајката на Рацин – тивка сила за гласен збор“ подготвена од учениците од четврта година од јазично – уметничкото подрачје при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ под менторство на професорката по Ликовна уметност, Јулијана Михова.
- Во уметничкиот дел на сцената одекнаа музичките ноти преку настапот на хорот и оркестарот на нашето училиште и химната на градот „Миле Поп Јорданов“ во изведба на училишниот оркестар и вокалната изведба од ученикот Михаил Здравковски под менторство на професорот по Музичка уметност, Атанас Зафиров. **Завршната вечер традиционално беше одбележана со изведба на театарска претстава,** „Женидба“ познатата комедија напишана од познатиот руски писател Николај Василевич Гоголъ. Подготовката и реализацијата на театарската претстава се одвиваше под менторство на професорките по Македонски јазик и литература: Александра Стојановска, Весна Павлова, Магдалена Сарагинова и Цветанка Карамаркова.

Професионален развој на наставниот кадар

Училиштето како целина постојано следи и прави проценки на сработеното како и на тоа што треба да се сработи во иднина за да се подобри неговото целосно функционирање. Па така во текот на оваа учебна 2025/2026 година целокупниот образовен кадар континуирано продолжи да се надоградува и да ги проширува своите граници на знаење од својата област. На почетокот на учебната година секој наставник и стручен соработник индивидуално си изработи свој личен професионален развој и истиот го достави до стручниот тим. Врз основа на тоа оваа учебна година континуирано се надоградуваше професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар преку следниве обуки и семинари.

- ✓ На ден 2.09.2025 година во просториите на нашето училиште се реализираше еднодневна обука за наставниците на тема „Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава“.
  Акцент на обуката беше ставен врз примената на вештачката интелигенција и интерактивната и ангажирана настава, како услов за подобрување на дигиталните компетенции на наставниците.
  Обуката е акредитирана од страна на Бирото за развој на образованието и истата беше реализирана од акредитиран провајдер за обуки на наставници О3 Инвест – Скопје.
- ✓ Учество на вебинар на тема Користење на Empower B1 во организација на Арс Ламина. На обуката присуствуваше наставник Христина Леова.
- ✓ Учество на вебинар на тема Користење на Discover What’s New: Focus 4 (2nd Edition) во организација на Пеарсон. На обуката присуствуваше наставник Христина Леова.
- ✓ На 11, 12 и 19 септември во Европската куќа во Велес, се одржаа тридневни обуки, за Програмата за градење на капацитети, за кариерно советување на наставници од средните училишта.
  Главната цел на програмата е да се стекнат знаења, вештини и компетенции, применливи во работењето и советувањето со младите. Програмата е дизајнирана да обезбеди релевантен одговор кон потребите на младите кои се вклучени во образовниот процес, заради полесно утврдување на посакуваната кариерна патека и поголема подготвеност на пазарот на трудот, што води кон побрзо вработување.
  Тренери во текот на тридневната обука беа: Катерина Златанова Попова и Славица Тасева од Асоцијацијата на советници за развој на кариера – АСК.Од Гимназијата „Кочо Рацин“ на обуката учествуваше кариерниот тим во состав: Магдалена Сарагинова, Цветанка Карамаркова, Анита Смилевска, Гордана Саздова, Тања Чипевска и Лилјана С. Темовска.
- ✓ На 24 и 25.9.2025 година, класните раководители на паралелките во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес и стручните соработници присуствуваа на обука која е дел од проектот „Ментално здравје на средношколци“ како учесници во процесот на трансформација со фокус на менталното здравје и благосостојбата.
  Со тоа на нашето училиште му се овозможи право на стекнување на ознака „Училишта кои се грижат за менталното здравје на учениците“.
  За имплементација, обуката е одобрена од Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. Реализацијата предвидува обуки и за ученици и ученичка заедница, но и имплементација и реализација на воннаставни активности за менталното здравје. Координатор на проектот: Благица Аризанова Шопов.

- ✓ На ден 29.09.2025 година во СОУ Гимназијата “Кочо Рацин“ – Велес, беше реализирана обука за наставниците и стручните соработници на тема: „Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици“.
  Обуката беше спроведена од страна на обучувач м-р Љубинка Чанева, ангажирана од ЦЕС, во соработка со БРО.
  Целта на оваа обука беше да се поттикнат наставниците и учениците кон развивање на критичко и одржливо размислување поврзано со современите глобални еколошки предизвици, преку интердисциплинарен пристап и активна вклученост во наставниот процес.
- ✓ На ден 30.9.2025 година, дел од наставниците и стручните соработници од нашето училиште ја проследија обуката спроведена од страна на претставници од MKSafeNet – првиот Национален центар за побезбеден интернет во земјата кој произлегува од програмата Digital Europe.
  Програмата е фокусирана на поддршка на Национланите центри за побезбеден интернет во земјите на ЕУ, но и земјите кандидати за членство во ЕУ. Основната цел на MKSafeNet е да овозможи безбедно дигитално искуство за младите преку користење на алатки и знаење за одговорна навигација во дигиталните технологии и услуги, како и да ги оспособи поединците брзо да ги препознаат интернет ризиците и да ги разберат начините за известување за постоечките проблеми.
- ✓ На 6.10.2025 год. во просториите на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“- Велес, компанијата Глобал Нет Адв, реализира, еднодневна обука на тема: „Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците (приоритетна програма)“. На обуката од нашето училиште, активно учество земаа, стручните соработници: психолог, Анита Смилевска, педагог, Марија Стојановска, специјален едукатор и рехабилитатор, Ленче Перчинковска и кариерните советници: Магдалена Сарагинова и Цветанка Карамаркова.
- ✓ Учество на Меѓународна конференција на ТЕСОЛ Шпанија преставник од нашето училиште наставник Христина Леова.
- ✓ Учество на седумнаесеттата Меѓународна научна конференција "Modern trends of physical education and sport", која се одржа во ректоратот на универзитетот „Св. Климент Охридски" во Софија, Република Бугарија, активно учество земаа директорот Илија Попов и наставникот по Спорт и спортски активности, Зоран Јованов.
- ✓ Учество на обука на тема Рубрики за формативно оценување во наставата по англиски јазик. На обуката од нашето училиште присуствуваше наставник Христина Леова.
- ✓ Учество на онлајн обука на тема „Воведна обука за кариерно советување во средните училишта“ од страна на кариерните советници во нашето училиште организирана од БРО.
- ✓ Учество на онлајн обуки на тема „Како да се користи вештачката интелегенција во пракса“. Обуките се организирани од Brainster, а од нашето училиште обуките ги проследија наставниците Петранка Стојанова и Зоран Јованов.
- ✓ Учество на трибини и конференции организирани од Филозофското друштво во Македонија од страна на професор Бошко Караџов.
- ✓ Учество на онлајн обука на тема „Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко учество“ во рамки на проектот „Промоција за безбедна училишна средина“ организирана од Едулаб и БРО. На обуката присуствуваа стручните соработници и дел од наставниците.

- ✓ Во рамки на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, а во партнерство со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) и Народниот правобранител на Република Северна Македонија (НП) и со поддршка на Бирото за развој на образование (БРО), во просториите на РЦСОО „Коле Неделковски“, стручниот соработник Анита Смилевска учествуваше на обука на тема: „Превенција на сексуално насилство врз деца“.
- ✓ Учество на онлајн обука на тема „Зајакнување на националните мрежи за стручно образование и обука преку еко-иновации“, организирана од Европската Грантс Интернационална Агенција. Учесник на обуката од нашето училиште беше професор Елизабета Николовска.
- ✓ Учество на 37-от Форум на Европската асоцијација на физичко образование ЕУПЕА и на состанок на националните координатори на Европскиот ден на Училишен спорт во организација на унгарската федерација на училишен спорт HSSF и Универзитетот за спортски науки во Будимпешта, Унгарија. Учесник на форумот од нашето училиште беше професор Зоран Јованов.
- ✓ Во рамките на Програмата за кариерно советување во периодот од 11 до 13 мај во Хотел „Дрим“- Струга, се спроведе обука за кариерните советници од средните училишта, акредитирани од Бирото за развој на образованието. Обуката беше во организација на Глобал Нет Адв, на тема: „Напредни техники и алатки за кариерно советување, за индивидуално насочување и поддршка на учениците“. Од нашето училиште обуката ја проследија, кариерните советници, професорките, Магдалена Сарагинова и Цветанка Карамаркова. Тие имаа можност да стекнат проширени знаења од областа на кариерното советување како значаен процес, за правилен избор на професија и иднина на средношколците. Се запознаа со современите модели, трендови, компетенции како и со напредните алатки и техники за кариерно советување, за ноење на информирани, сопствени одлуки.
- ✓ Во рамките на Еразмус+ програмата, двајца наставници од нашето училиште успешно ја завршија обуката „Advanced Artificial Intelligence for Education“, која се одржа од 27 април до 2 мај 2026 година во Рим,.

  Во текот на обуката тие имаа можност да:

  - стекнат напредни знаења за примена на вештачка интелигенција во наставата;
  - креираат образовни содржини со помош на AI алатки;
  - развијат современи методи за планирање и реализација на наставата;
  - разменат искуства со колеги од различни земји.

  Ова искуство претставува значаен чекор кон модернизација на наставниот процес и подобрување на квалитетот на образованието. Стекнатите знаења и вештини ќе бидат применети во наставниот процес, со цел да се поттикне поголема интерактивност и креативност кај учениците.

Работа на стручните органи и тела во училиштето

Во текот на учебната година, Наставничките совети на паралелките, Стручните активи, Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор, работеа според Годишната програма, а планираните активности за изминатиот период се во целост реализирани, за што се води уредна педагошка евиденција.

Училишната заедница активно работеше под раководство на претседателот Ања Трајковска, а под менторство на одговорниот наставник Жанет Ј. Сарагиновски. Во текот на учебната година реализирани се повеќе активности од хуманитарен карактер, а собраните финансиски средства и материјални добра беа наменети за социјално загрозени семејства. Организирани се и успешно се реализирани и забави за учениците.

Ученички правобранител – за ученички правобранител во нашето училиште е избрана ученичката Катерина Здравева од 3-2 клас, а за нејзин заменик Димитар Кузманов од 2-1 клас. Учениците Виктор Здравев и Сеада Шабановиќ се членови на тимот на Ученичкиот правобранител. Ученичкиот правобранител има должност да се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Во текот на првото полугодие ученичкиот правобранител и членовите изработија презентација за правата на децата и по повод денот на детето ја презентираа пред учениците.

-Првенец на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, Велес за учебната 2025/2026 година е ученикот Кристијан Мартинов од IV^{3} клас;
-Првенец на прва година е ученичката Ана Митровска од I^{2} клас;
-Првенци на втора година се ученичката Лана Басаров од II^{1} клас и ученикот Андреј Бошковски од II^{2} клас;
-Првенец на трета година е ученичката Бојана Мицевска од III^{2} клас и
-Првенец на четврта година е ученикот Тодор Пљаков од IV^{2} клас.
-Со почесно признание за посветеност, креативност и активна вклученост во бројните училишни и вонучилишни активности се здобија учениците: Јана Пљокова ученичка од IV^{1} клас, Изабела Жабева ученичка од IV^{2} клас и Ива Ракиџиева ученичка од од IV^{4} клас.

Соработка со стручни лица и институции

- По повод одбележување на Европскиот ден на спортот „Гимназијата Кочо Рацин“ и оваа година доби сертификат и значка за благодарност за успешната организација и реализација како признание за вложениот труд и поддршката кон иницијатива. По повод европскиот ден на спортот нашето училиште доби донацијата на фудбалските реквизити од претседателот на ОФС, господин Трајче Шопов.
- Гимназијалците учествуваа и го посетија меѓународниот фестивал на сатира „Џинот“. Нашите ученички: Вања Крстовска, Лана Ракиџиева и Деспина Стојанова учествуваа на отворањето на вториот Меѓународен фестивал на сатира „Џинот“, кој на 30 и 31 октомври 2025 година, се одржува во Велес, а е посветен на Јордан Хаџи Константинов Џинот, кој бил еден од првите афористичари во Македонија.Тие читаа афоризми од Џинот на тема човек.

- Гимназијалците учествуваа на извонредна оперска изведба во прекрасната атмосфера на Народниот театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот“. На сцената настапија: Билјана Камчева Божиновска - флејта и сопран и Ана Гацева - пијано придружба.
- Ученици од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ реализираа едукативна посета во Основниот суд Велес. Учениците од трета година од општествено - хуманистичкото подрачје, комбинација А од нашата Гимназија, на ден 20.11.2025 година, реализираа стручна посета во Основниот суд Велес, каде што присуствуваа на реално судење. Оваа активност им овозможи поблиску да се запознаат со работата на судот, текот на судските постапки и улогата на правосудните институции во општеството. Посетата претставува дел од правното образование и има за цел развивање на правна култура, критичко размислување и активно граѓанство кај младите.

- Во училиштето како дел од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ се одржаа работилници на тема: „Преку врсничка медијација до ненасилна комуникација“. Работилниците беа поддржани од проектниот партнер Прва детска амбасада во светот Меѓаши, а нивни претставници имаа консултативна средба со членови од Советот на родители од училиштето.

- Ученичкиот совет, при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес, по повод 3 Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост, организираше Донаторска акција под мотото: „Вашата донација, некому значи“. Кон истата се придружи и Наставничкиот совет на училиштето.
- Согласно стратешките приоритети на Владата на Република Македонија и Програмата за работа на Владата на РМ 2024 - 2028 година, како и активностите на Министерството за односи меѓу заедниците, предвидено е спроведување анализа на состојбата на меѓуетничките односи во образованието и културата. Истражувањето треба да ја прикаже состојбата на меѓуетничките односи во образованието и културата.
  Во таа насока на 5.11.2025 година во просториите на нашето училиште се спроведе дискусија со фокус група со родители и претставници од Министерството за односи меѓу заедниците, Меѓуресорската работна група за спроведување анализа на состојбата на меѓуетничките односи во образованието и културата.
- Во рамките на кампањата „Без пиротехника за побезбедни празници“, од доктор на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија и СВР – Велес, во нашето училиште за учениците од прва година се одржа предавање на тема „Без пиротехника за побезбедни празници “. Тие, присутните ученици ги запознаа со несаканите ефекти и последиците од користењето на пиротехнички средства истакнувајќи дека нивното користење е строго забрането, а празничното пукање со петарди може да биде исклучително опасно по животот и здравјето, оставајќи тешки последици врз животот на младиот човек.
- На ден 24.2.2026 година, во просториите на Општина Велес ученици од IV (четврта) година заедно со професор Пале Трпкова одржаа средба со градоначалникот Марко Колев, Советот на Општината и младите средношколци од градот. На средбата учениците се запознаа со надлежностите и работата на локалната самоуправа, и се поттикнаа да се вклучуваат што повеќе во општествените процеси. Градоначалникот и советниците ги информираа учениците за тековните проекти на општината, идните планови и можностите за активно учество на младите во донесување на одлуки.

- СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес имаше чест да биде домаќин на најмалите и најрадосни посетители – дечињата од детската градинка ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес.
  Малите посетители имаа можност да ги разгледаат училниците и кабинетите, да ја посетат спортската сала и да се запознаат со дел од активностите кои се реализираат во нашето училиште. Со многу прашања, смеа и позитивна енергија, тие покажаа дека љубопитноста и желбата за знаење започнуваат уште од најрана возраст. Преку игра, разговор и заеднички активности, децата ја почувствуваа атмосферата на училиштето, а за нас беше вистинско задоволство да ги видиме нивните насмевки, љубопитност и искрена радост. На крајот од посетата, на дечињата им беа доделени симболични дипломи, како спомен од овој убав ден поминат во нашата гимназија.
- По повод 8 Март – Меѓународниот ден на жената, во СОУ „Гимназија Кочо Рацин", се одржа едукативна активност посветена на историјата и политичкото дејствување на жените во Македонија во периодот меѓу двете светски војни. Активноста се реализираше во рамки на иницијативите на здружението Тиииит! Инк., кое се залага за родова еднаквост, женски права и активно учество на жените во општествениот живот. Преку презентација и интерактивна дискусија, учениците од прва година имаа можност да научат повеќе за историските околности, улогата на жените во политичките движења и нивната борба за еднаквост и социјална правда.
- Учениците од нашата Гимназија учествуваа на настан „Од визија до акција: создавање подобра заедница“, во Европската куќа во Велес, во организација на „Зелени Борци“ и „Колектив 3“. Настанот беше посветен на улогата на младите и жените во креирањето на климатските политики, при што преку интерактивна работилница и Q&A сесија со две експертки се отвори значајна дискусија за:
  – реалното влијание што младите го имаат во процесите на одлучување,
  – предизвиците со кои се соочуваат,
  – можностите за активно вклучување во креирањето одржливи политики.
  Присутните имаа можност да споделат свои ставови, идеи и искуства, создавајќи простор за конструктивен дијалог и размена на мислења.

- Во рамките на програмските активности насочени кон граѓанското образование, демократската култура и запознавање со институционалниот систем на државата, се реализираше едукативна посета на Собранието на Република Македонија. Посетата беше организирана со цел учениците непосредно да се запознаат со функционирањето на законодавната власт, улогата на пратениците и значењето на демократските институции во современото општество.
  За време на посетата, учениците имаа можност да ги посетат собраниските простории, пленарната сала и дел од работните капацитети на институцијата, при што беа запознати со начинот на донесување закони, организацијата на собраниските комисии, како и со процедурите преку кои се одвива парламентарната работа. Посебен акцент беше ставен на важноста на дијалогот, политичката култура, толеранцијата и активното граѓанско учество во демократските процеси.
  Преку интерактивната комуникација и разговорите со претставници и водичи од Собранието, учениците имаа можност да постават прашања и да дискутираат за актуелни општествени теми, со што дополнително се поттикна нивниот интерес за политичките науки, правото и граѓанското образование.

Едукативната посета претставуваше значајно искуство за учениците, овозможувајќи им практично и непосредно разбирање на институциите на системот, како и развивање на свеста за значењето на демократските вредности, одговорното граѓанство и општествената ангажираност.

- Во соработка со Европска Куќа - Велес и Реактор - Истражување во акција, ученици од Гимназијата со професорките по Македонски јазик и литература Александра Стојановска и Весна Павлова, учествуваа во дискусија и организирана филмска проекција со фокус на поинклузивна медиумска сцена на локално ниво.

  На учениците им беше исклучителна чест што имаа можност да учествуваат во едукативната дискусија со говорниците: Стефани Манева, новинар и Ангел Димитриевски, младински работник и активист за ЛГБТИК+ права . Дискусијата ја водеше истражувачката Душица Лазова.

  Учениците заедно со претставниците разговараа за инклузивноста на локалните медиуми и како да се вклучат сечии приказни од разновидни заедници во поширокиот медиумски јавен пејзаж, кој ја претставува новата ера на инклузивно и праведно новинарство.

  По разговорот се проектираше филмот “Breaking the News“ (2023), кој прикажува група храбри жени новинари кои решаваат да создадат новинарски стартап The 19 th News кој ја претставува новата ера на инклузивно и праведно новинарство.

  Учениците уживаа во отворената дискусија и научија нови работи за функционирањето на медиумите и нивниот развој на локално и светско ниво.

- СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес ја имаше привилегијата да биде меѓу дванаесетте училишта во Македонија кои се вклучени во агендата на Организацијата за безбедност и соработка во Европа , ОБСЕ, која во соработка со Министерството за внатрешни работи и Националната комисија за мало и лесно оружје, спроведува кампања меѓу младите во Република Македонија. Кампањата има за цел да ја подигне јавната свест, особено кај младите, за заканите од мало и лесно оружје. Кампањата се реализира под мотото: Животот нема рестарт и има за цел да им укаже на средношколците за опасностите од употреба на мало и лесно оружје или несоодветниот пристап, доколку дојдат во контакт со истото.

  Целна група на оваа кампања беа учениците, зашто, според истражувањата, токму младите на возраст од 15 до 29 години се најзагрозени од неговата незаконска употреба. Учениците имаа можност да гледаат кратко промотивно видео и да слушнат кратко предавање од страна на овластени лица од МВР и претставниците од ОБСЕ.

  Беше спроведен квиз, а најбрзите ги освоија првите три места, но сепак на крајот сите присутни ученици беа наградени со мал подарок за нивното присуство и за активното вклучување во кампањата. Тие ја примија важната порака од предавањето а тоа е сознанието дека оружјето не е играчка и дека безбедноста е одговорност на сите.

Едукација на учениците преку работилници

- Како дел од одбележувањето на Европската ноќ на истражувачите, учениците од природно - математичкото подрачје, комбинација Б, на ден 26.9.2025 година учествуваaа во возбудлива научна авантура во организација на Европската куќа во Велес. Со многу ентузијазам, знаење и тимска работа, учениците ги совладаа биолошките, хемиските и физичките предизвици.
- Во рамките на проектната активност Ликовна уметност, ученици од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, под менторство на професорката Јулијана Михова, присуствуваа на отворањето на изложба на слики под наслов „Урбани Кулиси“ од Алдемар Ибрахимовиќ.
- Со цел да се обезбеди побезбедно дигитално искуство за учениците, на ден 30.9.2025 година, учениците и наставниците од нашето училиште ја проследија обуката спроведена од страна на претставници од MKSafeNet – првиот Национален центар за побезбеден интернет во земјата кој произлегува од програмата Digital Europe.
  Програмата е фокусирана на поддршка на Национланите центри за побезбеден интернет во земјите на ЕУ, но и земјите кандидати за членство во ЕУ. Основната цел на MKSafeNet е да овозможи безбедно дигитално искуство за младите преку користење на алатки и знаење за одговорна навигација во дигиталните технологии и услуги, како и да ги оспособи поединците брзо да ги препознаат интернет ризиците и да ги разберат начините за известување за постоечките проблеми.
- На ден 2.10.2025 година, од природно - математичкото подрачје, комбинација Б, ја посетија изложбата „ЦЕРН и универзумот: науката која нè поврзува“, организирана од Европската куќа во Скопје во соработка со ЦЕРН и Природно-математичкиот факултет – УКИМ.
- По повод месецот посветен на „Жените и спортот“, активот по Спорт и спортски активности организираше час по аеробик и пилатес за ученичките од Гимназијата.
- Онлајн работилницата за ученички совет која се одржа на 13 октомври 2025 година имаше за цел да им помогне на ученичките заедници да се стекнат со знаења и вештини за организирање воннаставни активности поврзани со менталното здравје и благосостојбата на учениците.
  Истата се спроведува во рамките на процесот во кој е вклучено нашето училиште за добивање на ознаката „Училиште кое се грижи за менталното здравје на учениците“.
- На ден 14.10.2025 година, во нашето училиште се одржа работилница на која присуствуваа ученици од прва до четврта година.
  Работилницата ја водеа претставници од Brainster Next College. Тие на учениците им презентираа информации за условите и можностите кои колеџот им ги нуди на своите студенти.
  Претставниците од колеџот ги запознаа нашите ученици и за условите за учество на натпреварот кој се одвива под мотото „Дали имаш идеја вредна 1.000.000 денари“, најголемиот тековен бизнис натпревар за средношколци во државата.

- На ден 16.10.2025 година во нашето училиште се одржа работилница на тема: Едукативна активност „СПИНОКИО“.
  По тој повод беше одржана првата работилница од областа на медиумската писменост со учениците од општествено - хуманистичките подрачја.
  Активноста е организирана од е-медиумот „ВИДИ ВАКА“, а фасилитирана и реализирана од предметниот професор д-р Бошко Караџов.
- На 17.10.2025 година се реализираше нагледен час по изборниот предмет Драмска уметност кој е изборен предмет на учениците од четврта година од јазично – уметничкото подрачје, комбинација Б. На нагледниот час по Драмска уметност се реализираше наставната единица „Актерите во Шекспировиот театар“ од наставната тема „Кратка историја на актерството“. На покана од страна на професорката по Македонски јазик и литература, Весна Павлова, на наставниот час учениците од четврта година од јазично – уметничкото подрачје ги посети Кире Ацевски, актер во Народниот театар „Ј.Х.К. Џинот“ во Велес и поранешен ученик во Гимназијата „Кочо Рацин“.
- ГИМНАЗИЈАЛЦИТЕ ВО УЛОГА НА ПРАТЕНИЦИ
  На 7.11.2025 година Учениците од Дебатниот клуб во нашата Гимназија учествуваа во едукативната активност „ИМАМ СТАВ“ која претставува симулација на процесот на разгледување и усвојување на предлог - закони во Собранието на Р. Македонија. Активноста се реализираше под менторство на професор Бошко Караџов.
- На 11.11.2025 во просториите на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ во соработка со Младинскиот центар - Велес и Европска куќа - Велес, се одржаа работилници, за Медиумска писменост на тема „Вештачката интелигенција и новинарството“. Целта на работилницата беше учениците да ја разберат важноста на новинарството, да научат како да ги користат медиумите и да ги пренесат сопствените мислења преку продукција на содржини, наменети за млади луѓе. Активноста се реализираше под менторство на професор Магдалена Сарагинова.
- На ден 2.12.2025 година во големата сала на Општина Велес се одржа едукативно предавање на тема „Важноста на физичката активност и развојот на човекот“.
  Предавањето го одржа проф. д-р Горан Никовски од Факултетот за физичко образование, спорт и здравје – Скопје.
  Предавањето беше наменето за ученици од основно и средно образование и имаше за цел да ја истакне важноста на редовната физичка активност за правилен раст, развој и здравје.
- На 11.12.2025 година, во Европската куќа во Велес се одржа работилница „Еко Муабети“, организирана од еко - одборот на СОУ „Гимназијата Кочо Рацин“ – Велес и групата „Зелени Борци“. На работилницата учество земаа претставници од „Зелена Народна Стража“, извидничкиот одред „Димитар Влахов“, како и ученици од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес од прва и втора година и учениците од четврта година од природно - математичкото подрачје, група Б под менторство на професорите по биологија и физика. На работилницата се водеше дискусија за екологијата, еколошките проблеми во Велес и односот кон природата. Учениците снимаа и кратки видеа на тема „Еко навики“ .
- Учество на ученици од нашето училиште на едукативна работилница во природа, како дел од едукативен уредувачки маратон: „Растенијата околу нас“ организиран од Вики клуб, под менторство на професорката по Биологија, Елизабета Николовска. На работилницата учениците имаа можност директно да ја истражуваат флората во својата непосредна околина. Преку набљудување и практична работа, тие ги проучуваа тревестите растенија, разновидните цветови и

специфичните карактеристики на локалната вегетација. Учениците имаа можност да разгледаат веќе изработениот хербариум, при што се запознаа со начинот на собирање, сушење и чување на растителни примероци.

- Учениците од Гимназијата, љубители на музичката уметност, учествуваа на тридневната едукативна активност „Уметноста има став“ во организација на Ценатарот за едукација и уметност – Хана со поддршка на Фондацијата „Фридрих Еберт“ – Скопје. Во рамките на предавањата и работилниците, учениците се запознаа со преплетувањето на музичката уметност и општествено-политичките процеси од праисторијата, преку антиката па се до денес, како и со современите музички правци и политичките идеологии кои стојат зад нив. Учениците покажаа голем интерес и ентузијазам, изразија високо задоволство од активноста и истакнаа дека научиле многу нови содржини и перспективи за едно поинакво отчитување и доживување на музичката уметност.
- Учество на Симулација на седница на Совет на Општина Велес. Учениците од четврта година од нашата Гимназија под менторство на професор Пале Трпкова учествуваа на симулација на седница на Советот на општина Велес. Имаа можност практично да се запознаат со работата и донесувањето одлуки на локалната самоуправа. Со оваа активност, учениците се вклучија во симуларни дискусии и донесување одлуки и ги предлабочија своите знаења за демократските процеси и работата на Советот на општината.
- По повод Светскиот ден на здравјето, 7 април, во организација на Општина Велес се одржа јавна трибина на тема „Рано откривање спасува животи“, посветена на превентивните прегледи и раната детекција на болести.
  На овој значаен настан присуствуваа и ученици од нашето училиште. Учениците имаа можност да се запознаат со важноста на здравиот начин на живот, редовните прегледи и навременото препознавање на симптомите на различни заболувања.
  Преку излагањата на стручните лица и учесниците, учениците добија корисни информации за правата и обврските на пациентите, како и за улогата на институциите во заштитата на здравјето. Особен акцент беше ставен на потребата младите да водат здрав живот, да се занимаваат со спорт и да внимаваат на своето здравје преку редовни контроли.
- Во пресрет на големиот христијански празник Велигден, учениците од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес беа дел од велигденскиот базар во организација на Општина Велес, на кој со свои рачни изработки се претставија децата и вработените од градинките и училиштата. Вредните раце на нашите Гимназијалци изработија прекрасни велигденски производи кои беа изложени на штанд . Учениците се подготвуваа под менторство на професорката по Ликовна уметност, Јулијана Михова.
- Успешна реализација на еко час „ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД 2026“ и реализација на Традиционалната пролетна крводарителска акција во нашето училиште.. Во реализацијата на акцијата учествуваа волонтерите од Клубот на млади при Црвен крст и стручниот тим од Институтот за трансфузиона медицина.
- На 28.4.2026 во СОУ „ Гимназија Кочо Рацин” беше реализирана едукација за избирачкото право на младите, кои првпат се стекнуваат со правото на глас.Имено за активно учество во изборите, информирање и едукација.
  Истата беше реализирана од страна на Државната изборна комисија, а целна група беа учениците од четврта година.
  Назив на работилницата : „ Јас одлучувам за мојата иднина. И мојот глас е важен!” .
  Цел на оваа работилница беше учениците да разберат како функционира гласањето во пракса ; да се поттикне критичко размислување за демократијата; да се развие чувство на одговорност и активна граѓанска улога; да се охрабрат младите да го

користат својот глас. Учениците активно учествуваа на оваа работилница, со став дека гласањето е право, но и одговорност. Дека никој не смее да влијае на личната одлука и да се охрабрат младите да го користат својот глас.

- Учество на поголем број на еко акции за почиста околина и здрава средина за живеење.
- На ден 04.05.2026 година, група ученици од нашето училиште присуствуваше на предавање посветено на скриениот свет на природните минерали, кристали и фосили со посебен акцент на уникатниот македонски рубин. Учениците имаа можност да се запознаат со геолошките карактеристики, потеклото и значењето на овој редок и вреден минерал кој претставува вистинско природно богатство на нашата земја. Светот на минералите застапени во нашата земја и пошироко им го претстави предавачот Дејан Шкартов со одговорните наставници Славица Спасевска, Анита Смилевска и Драгана Тевчева.
- На работилницата на ден 12.05.2026 година на тема „Печурки, инсекти и нови пристапи кон одржливост“ учествуваа и ученици од нашата Гимназија, а беа презентирани современи практики за одржливо земјоделство. Учесниците и нашите ученици имаа можност да се запознаат со процесот на садење печурки како модел за ефикасно користење на ресурси, креативни решенија за сточна храна од инсекти, кои претставуваат алтернативен и нутритивно богат извор на протеини. Работилницата ја потврди важноста на иновацијата во земјоделството и покажа дека одржливоста бара практични и креативни решенија. Одговорен професор: Елизабета Николовска
- Во периодот од 14 до 27 мај 2026 година, нашите Гимназијалци извршија врсничка едукација на деветтоодделенците од општинските основни училишта во градот. Главна цел на едукацијата беше да се зајакнат личните капацитети на учениците преку запознавање со видовите на комуникација, значењето на врсничката медијација и разрешувањето на конфликтни ситуации.

II. Сознанија за инкорпорирање на Мисијата во тековната година

Нашиот високо стручен наставен кадар во соработка со стручните соработници во училиштето секојдневно ја восприемува и практикува нашата мисија: Современо технолошки опремено училиште во безбедна, доверлива и компетитивна средина, кое ќе предводи во иновативната и квалитетна настава преку која ќе го гарантира акдемскиот и општествен успех на учениците, ќе ги подготвува за продуктивна ангажираност во глобалниот свет и низ високи стандарди и големи очекувања, ќе ги негува и поттикнува научната љубопитност, општествената одговорност, спортските игри и културната продукција кај учениците.

III. Проекција за Визијата во тековната година

Тимот добро ја познава визијата на училиштето и перманентно се залага за нејзино реално остварување во: Современа институција со високи воспитно-образовни стандарди, училиште за постојан развој на ученицитте и нивно оспособување за професиите на иднината кои подразбираат: критичко мислење, широки знаења, аналитички и логички дух, креативна имагинација, комуникациски вештини, лидерски способности, тимска соработка и заедничко делување.

IV. Подрачја на промени и приоритети

Анализирајќи ги силните и слабите страни на нашето училиште, расположливите ресурси и неговото окружување, а имајќи ги во вид дефинираната мисија и воспоставената визија, се фокусиравме на определување на потребите во следните подрачја :

- **Учење и настава**
- **Поддршка на учениците**
- **Училишна клима**

Реализацијата на приоритетите, целите, задачите и активностите во согласност со Планот за евалвација на Годишната програма за работа на училиштето и динамиката на реализација се имплементирани во Годишниот извештај за работата на училиштето.

План за евалуација

Приоритет 1: Подобрување на успехот и редовноста на учениците					
Цел 1.1.	**Унапредување на квалитетот на наставата со примена на иновативни методи и техники за учење**				
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 1.1.1.	**Воведување на различни едукативни игри во рамките на наставните предмети**	2022/26	Б .Караџов	К	Зголемена мотивираност и вклученост на учениците, како и намалени негативни чувства и психички состојби на учениците
А 1.1.1.1.	Запознавање на Наставничкиот совет за примена на методи за настава со употреба на игра и играње (гејмификација)	IX 2022	Б. Караџов	И	Индивидуално следење на учениците, структурирани интервјуа и општ прашалник
А 1.1.1.2.	Размена на искуства и идеи (стручни активи, стручна служба…)	2022/26	Претседател на СА	Н	Носител на задачата
А 1.1.1.3.	Изработка на планирање по наставните предмети со примена на едукативни активности преку игра	2022/26	Претседател на СА, наставниците	В	Јуни
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 1.1.2.	**Поттикнување и развивање на вештини за 21. век**	2022/26	Т. Чипевска, Педагог	К	Усвојување и примена на аналитички вештини за 21. век од страна на учениците
А 1.1.2.1.	Запознавање на Наставничкиот совет за дизајнирање лекции со учење засновано на задачи, учење засновано на проекти и стратегија за визуелно размислување	2022/26	Т. Чипевска,	И	Индивидуално и групно следење на учениците, тестови на проверка на конкретните вештини и сл.
А 1.1.2.2.	Организирање на дисеминација на обуката од Еразмус +	2022/26	Т. Чипевска,	Н	Носител на задачата

А 1.1.2.3.	Изработка на планирање по наставните предмети со примена на нови методи и техники	2022/26	Претседател на СА, наставниците	В	Јуни
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 1.1.3.	**Подготовка на отворени часови во рамките на стручните активи**	2022/26	П. Стојанова	К	Изработка и реализација на отворени часови во рамките на промотивните активности
А 1.1.3.1.	Избор на наставни содржини за подготовка на отворен час	2022/26	Претседател на СА	И	Извештај за спроведени активности од страна на наставниците -носители на активноста
А 1.1.3.2.	Избор на едукативна социјална игра	2022/26	Претседател на СА	Н	Носител на задачата
				В	Јуни
А 1.1.3.3.	Реализација на отворениот час	2022/26	Претседател на СА, членовите		
А 1.1.3.4.	Анализа на отворените часови и нивна популаризација	2022/26	Претседател на СА, членовите		
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 1.1.4.	**Унапредување и интензивирање на едукативните игри кои ќе се користат во рамките на промотивните активности на училиштето**	2022/26	Б. Карацов	К	Учество на сите наставници во активности што ќе овозможат реализација на поставени цели
А 1.1.4.1.	Учество во гејмификацискиот проект „Спинокио“	2022/26	Претседател на СА	И	Анкета, план за реализација на активности, самоевалвација
А 1.1.4.2.	Организација на меѓукласни натпревари и турнири во училиштето	2022/26	Претседател на СА	Н	Носител на задачата
А 1.1.4.3.	Организација на турнири во основните училишта	2022/26	Претседател на СА	В	Јуни
Согледување: Со реализација на нагледни часови со примена на едукативните игри и дизајнирање лекции со учење засновано на задачи, учење засновано на проекти и стратегија за визуелно размислување и со размената на искуства во рамките на стручните активи, се зголемува професионалната одговорност и се подобрува колегијалната соработка на наставниците со што се влијае на унапредување на квалитетот на наставата, зголемена мотивираност и вклученост на учениците, усвојување и примена на аналитички вештини за 21 век и намалени негативни чувства и психички состојби на учениците.					
Цел 1.2.	**Зголемување на воспитната улога на училиштето**				
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 1.2.1.	**Унапредување на општите вредносно-воспитни навики и практики на учениците**	2022/26	Б. Карацов	К	Усвоени позитивни вредносно-воспитни навики и зголемено ниво на култура на однесување и свест за одговорно општествено делување
А 1.2.1.1.	Запознавање на Наставничкиот совет за потребата од фокусирање на принципите на современото воспитание: мировно, еколошко, родови и технолошко воспитание	2022/26	Б. Карацов	И	Индивидуално и групно следење на учениците,статистичка евиденција на поведението, споредбени анализи,интервјуа и разговори со учениците
А	Организирање на интерни работилници за методичка	2022/26	Претседател на	Н	Носител на задачата

1.2.1.2.	доедукација		СА	В	Јуни
А 1.2.1.3.	Изработка на планирање по наставните предмети со зголемување на воспитните компоненти	2022/26	Претседател на СА, наставниците		
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 1.2.2.	**Развивање на граѓанско-политички воспитни навики и демократска култура кај учениците (мирољубивост, толеранција, разбирање и прифаќање на другите, дијалог и соработка)**	2022/26	Стручни соработници	**К**	Зголемена граѓанска свест и политичка култура на однесување и општествено делување
А 1.2.2.1.	Интензивирање на часовите со примена на прирачникот за ОЖВ	2022/26	Класните раководители	**И**	Индивидуално и групно следење на учениците, анализа на активности и општи прашалници за стекнати знаења
А 1.2.2.2.	Организирање и реализирање на работилници со стручни лица и врснички едукатори	2022/26	Носител на задачата со предметни наставници	**В**	Јуни
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 1.2.3.	**Унапредување на еколошката култура на однесување и делување на учениците**	2022/26	Е. Николовска	**К**	Зголемена еколошка и био-етичка свест кај учениците
А 1.2.3.1.	Изработка на планирање со нагласување на еко-стандардите	2022/26	Претседател на СА	**И**	Квантитативна анализа на еколошки активности, општи тестови за проверка на знаењата од областа на заштитата на животната околина
А 1.2.3.2.	Организирање на активности во согласност со Еко-програмата на училиштето за здрава животна средина	2022/26	П. Стојанова, членовите на Еко-одборот	**Н**	Носител на задачата
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 1.2.4.	**Зголемување на информатичко-комуникациската култура на учениците**	2022/26	Г. Саздова	**К**	Поголема дигитална култура и зголемена свест кај учениците за потребата од воспитно-културни практики поврзани со новата технологија и социјалните мрежи
А 1.2.4.1.	Изработка на правилници и кодекси	2022/26	Претседател на СА	**И**	Индивидуално и групно следење на учениците, структурирани интервјуа и разговори, како и општи прашалници за нивото на познавање на одговорностите и предизвиците на младиот човек со технологијата

А 1.2.4.2	Организирање на панел дискусии за сајбер култура, медиумска етика во рамките на часовите по македонски јазик, информатика, етика	2022/26	Наставниците по наставните предмети		
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 1.2.5.	**Унапредување на родовата култура и однесување на учениците и унапредување на нивната свест и одговорност**	2022/26	П. Трпкова		Зголемено ниво на разбирање и почит кон спротивниот пол и кон другите родови идентитети
А 1.2.5.1.	Реализација на методички работилници во рамките на часовите по општествените и природните науки, со акцент на почит меѓу половите, љубов и родова одговорност, хигиена, заштита, сексуалност и репродукција	2022/26	Наставниците по наставните предмети		Индивудуално и групно следење на учениците, извештаи, анкети, прашалници и интервјуа и фокус групи
А 1.2.5.2	Реализација на предавања и работилници со стручни лица и институции	2022/26	Р. Ивчева		
Согледување: во рамките на редовните часови кои ги опфаќаат гореспоменатите теми, како и во рамките на проектните активности се влијаеше на зголемување на нивото на разбирање, почит кон спротивниот пол и другите родови идентитети. Исто така, се влијаеше на поттикнување на чувството за безбедна комуникација во информатичката сфера.					
Цел 1.3.	**Јакнење на интересот за науката, културата и спортот кај учениците**				
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 1.3.1.	**Мотивирање на учениците за поголема вклученост во додатната настава и учество во натпревари од областа на општествените и природните науки**	2022/26	М. Стојановски	**К**	Зголемен интерес и вклученост на учениците во овој вид настава
А 1.3.1.1.	Идентификување на учениците со посебни интереси и натпросечни резултати по определени наставни предмети	2022/26	Предметни наставници	**И**	Извештаи на наставниците кои спроведуваат ваков вид настава, споредбени анализи на реализација, прашалници за мерење на мотивираноста на учениците и сл.
А 1.3.1.2.	Учество на учениците при подготовката на Програмата за додатна настава	2022/26	Предметни наставници	**Н**	Носител на задачата
А 1.3.1.3.	Индивидуален пристап кон Програмата според афинитетите, способностите и интересите на учениците	2022/26	Предметни наставници	**В**	Јуни
А 1.3.1.4.	Јавно промовирање на постигнувањата на учениците и менторите	2022/26	Предметни наставници		
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 1.3.2.	**Поттикнување на креативното изразување на учениците**	2022/26	Х. Леова	**К**	Зголем број на активности од областа на креативните уметности, како и зголемен квалитет на креативните содржини
А 1.3.2.1.	Организирање на културно-литературни настани	2022/26	Актив по мајчин јазик	**И**	Извештај на наставниците за количеството на ваков вид настани, квалитативна анализа на активност на содржините (песна, поетска творба и сл.) и друго.
А 1.3.2.2.	Подготовка на музичко-сценски изведби	2022/26	А. Зафиров	**Н**	Носител на задачата

А 1.3.2.3.	Организирање на ликовни работилници, изложби	2022/26	Ј.Михова	**В**	Јуни
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 1.3.3.	**Зголемување на интересот на учениците за спорт и спортски активности**	2022/26	Славчо Давитковски	К	Зголемен број на спортски настани и активности
А 1.3.3.1.	Планирање на активности во рамките на редовната настава и проектните активности во согласност со афинитетите на учениците	2022/26	Предметните наставници	И	Извештај и анализа на наставниците кои ја спроведуваат оваа активност
А 1.3.3.2.	Организирање на спортски натпревари во секоја дисциплина на ниво на училиште	2022/26	Предметните наставници	Н	Носител
А 1.3.3.3.	Учество во организирани спортски натпревари на општинско, зонско и државно ниво	2022/26	Предметните наставници	В	Јуни
А 1.3.3.4.	Промовирање на постигнатите резултати	2022/26	Предметните наставници		
Согледување: преку редовната настава и воннаставните активности, учениците се поттикнуваа за вклучување во разни натпревари и манифестации од областа на креативните уметности, општествените и природните науки, како и спортските натпревари и настани.					

Приоритет 2: Севкупна грижа за учениците					
Цел 2.1.	**Следење и поттикнување на напредокот кај учениците**				
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 2.1.1.	**Вклучување на самите учениците при процесот на формативно (тековно) следење на нивниот напредок**	2022/26	Д.Тевчева	**К**	Мотивирани ученици, свесни за својот напредок, зголемен интерес и вклученост на учениците во формативното оценување
А 2.1.1.1.	Изработка на планирање по наставните предмети кои поттикнуваат поставување ефективни прашања и дискусија кај учениците, како и навремено давање конструктивна повратна информација од страна на наставникот	2022/26	Предметни наставници	**И**	Индивидуално следење на учениците и нивниот напредок,, статистичка евиденција на успехот, споредбени анализи, интервјуа и разговори со учениците и сл.
А 2.1.1.2.	Вклученост на учениците при изработка на инструменти за формативно следење на напредокот (чек-листи, прашалници, бележници, прашања, анкети, квиз)	2022/26	Предметни наставници	**Н**	Носители на задачата
А 2.1.1.3.	Планирање на самооценување и заемнооценување во наставата	2022/26	Предметни наставници	**В**	Јуни
Задача 2.1.2.	**Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците преку ученички портфолија**	2022/26	Стручни соработници	**К**	Документирани знаења и вештини за секој ученик по различни предмети, развивање способности за саморефлексија и самовреднување, како и преземањеодговорност за сопственото учење инапредување
А	Договор во рамките на стручните активи во врска со	2022/26	Претседатели на	**И**	Индивидуално следење на напредокот

2.1.2.1.	структурата, содржината и целта на ученичкото портфолио кое наставниците ќе го користат во наставата		СА		на секој ученик по секој наставен предмет од секој предметен наставник преку ученички портфолија
А 2.1.2.2.	Вклучување на учениците во составувањето на портфолијата	2022/26	Предметни наставници	**В**	Јуни
Задача 2.1.3.	**Идентификување на учениците со тешкотии во учењето како и на надарените ученици и нивна континуирана поддршка**	2022/26	Предметни наставници	**К**	Зголемен интерес и вклученост на учениците во додатна и дополнителна настава
А 2.1.3.1.	Изработка на индивидуални планирања (програми) за учење во рамките на стручните активи за работа со надарени ученици	2022/26	Претседател на СА, предметни наставници	**И**	Извештаи на наставниците кои спроведуваат ваков вид настава, споредбени анализи на реализација на овој вид настава, прашалници за мерење на мотивираноста на учениците за овој вид настава и сл.
А 2.1.3.2.	Развивање на систем на мотивациони постапки, кои ќе бидат во функција на севкупниот развој на надарените ученици	2022/26	Стручни соработници наставници	**Н**	Носители на задачата
А 2.1.3.3.	Изработка на индивидуални планирања (програми) за учење во рамките на стручните активи за работа со ученици кои имаат потешкотии со процесот на учење	2022/26	Предметни наставници	**В**	Јуни
А 2.1.3.4.	Акцентирање на индивидуализирана настава, користење на соодветни методи и форми за надминување на потешкотиите при совладување на наставниот материјал	2022/26	Предметни наставници		
Задача 2.1.4.	**Мотивирање на учениците за активна вклученост во наставни и воннаставни активности и поттикнување одговорност за сопственото учење**	2022/26	Б. Миланова	**К**	Зголемен број на активности во редовната настава и надвор од неа кои поттикнуваат креативност и одговорност за учење
А 2.1.4.1.	Индивидуален пристап и планирање на активности во редовната настава и воннаставни активности кои поттикнуваат поголема вклученост на учениците и се во согласност на нивните афинитети, способности и интереси	2022/26	Стручни активи, проектни активности, предметни наставници	**И**	Извештај на наставниците за количеството на ваков вид настани, квалитативна анализа на активност на содржините
А 2.1.4.2.	Создавање, следење и евалуација на „План за личен раст на ученикот“	2022/26	Стручна служба, предметни наставници	**В**	Јуни
Задача 2.1.5.	**Афирмирање на учениците преку воннаставните активности**	2022/26		**К**	Зголем број на активности за промоција на учениците и училиштето, задоволни и самоуверени ученици
А 2.1.5.1.	Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности	2022/26	Предметни наставници	**И**	Извештај и анализа на наставниците кои спроведуваат воннаставни активности
А 2.1.5.2.	Промовирање и истакнување на најдобрите резултати преку социјалните мрежи и други медии за презентирање и афирмирање на учениците и училиштето	2022/26	Предметни наставници, Тим за промоција на училиштето	**В**	Јуни

Согледување*:* мотивирани ученици со развиени вештини по различни предмети, со способност за саморефлексија и самовреднување, како и преземање одговорност за сопственото учење и напредување.					
Цел 2.2.	**Поддршка на учениците од социјално-ранливи категории**				
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 2.2.1.	**Идентификување на учениците од социјално-ранливи категории**	IX 2022 - VI 2023 Континуирано до 2026	Стручни соработници	**К**	Протокол за следење(опсервација,проценка)
А 2.2.1.1.	Информирање на стручните соработници од класниот раководител за ученик од социјално-ранлива категорија во паралелката		Стручни соработници, класен раководител	**Н**	Носители на задача
А 2.2.1.2.	Проценка на социо-емоционалната состојба на ученикот		Стручни соработници	**И**	Протокол за следење (опсервација, проценка)
А 2.2.1.3.	Дополнителна поддршка на учениците од социјално- ранлива категорија од страна на стручните соработници	IX 2022 - VI 2023 континуирано	Стручни соработници	**И**	Записник од одржани разговори
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 2.2.2.	**Инклузираност на учениците во наставни и воннаставни активности**	IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026	Предметни наставници	**К**	Календар со предвидени работилници, предавања
А 2.2.2.1.	Организирање и реализирање на интерни активности (предавања, работилници)			**И**	Календар со предвидени работилници, предавања
А 2.2.2.2.	Вклучување на учениците од социјално-ранлива категорија при реализирање на воннаставни активности				
А 2.2.2.3.	Учество на учениците во проекти од МОН, НВО			**И**	Изготвени и аплицирани проекти
Задача 2.2.3.	**Дополнителна поддршка од училиштето за учениците од социјално-ранливи категории**	IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026	Директор, стручни соработници, наставници	Носители на задача	
А 2.2.3.1.	Континуирано следење и поддршка на учениците од стручните соработници	IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026	Стручни соработници	Записници од одржани разговори	
А 2.2.3.2.	Континуирана поддршка од класниот раководител	IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026	Класен раководител	Носител на задача	
А 2.2.3.3.	Следење на успехот и поведението на секој класификационен период	IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026	Директор, стручни соработници, Класен совет	Записници од класен совет	
А 2.2.3.4.	Дополнителна поддршка од наставниците во текот на наставниот процес	IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026	Стручни соработници, предметни наставници	Носители на задача	
Задача 2.2.4.	**Отвореност за соработка на училиштето со родителите на учениците од социјално-ранливи категории**	IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026	Директор, стручни соработници,	Носители на задача	

			наставници	
А 2.2.4.1.	Континуирана поддршка на родителот од страна на училиштето	IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026	Директор, стручни соработници, наставници	Записници од одржани разговори
А 2.2.4.2.	Мотивирање на родителот за вклучување во интерни активности на училиште (предавања, работилници)	IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026	Стручни соработници, наставници, кл. раковод.	**Н**осители на задача
А 2.2.4.3.	Запознавање на родителот на правата за социјална заштита	IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026	Соработници, наставници	**Н**осители на задача
Согледување*:* Во текот на наставната година учениците од социјално – ранливи категории добиваа континуирана поддршка од страна на стручните соработници, класните раководители и наставниот кадар. Оваа група на ученици се вклучија во интерни активности кои се реализираа во училиштето, а нивните родители беа отворени за соработка во текот на наставната година. Во активностите беа вклучени и претставниците од ученичкиот совет.				
Цел 2.3.	**Поддршка на учениците со посебни образовни потреби**			
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критериум за успех**
Задача 2.3.1.	**Обезбедување на асистивна технологија во училиштето за потребите на учениците со ПОП**	IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026	УИТ	**К** Записници од УИТ
А 2.3.1.1.	Проценка за видот на асистивна технологија која им е потребна на учениците со ПОП за да го следат непречено наставниот процес	IX - X 2022 - 2026	УИТ	**В** септември, октомври
А 2.3.1.2.	Обезбедување средства преку донации и спонзорства за набавка на асистивна технологија	IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026	УИТ	**Н** Носители на задача
А 2.3.1.3.	Запознавање на ученикот со ПОП со начинот на функционирање на избраната асистивна технологија	септември, октомври 2022 - 2026	Дефектолог	**В** септември октомври
А 2.3.1.4.	Запознавање на предметниот наставник со начинот на функционирање на избраната асистивна технологија	Септември, октомври 2022 - 2026	Дефектолог	септември, октомври
А 2.3.1.5.	Примена на асистивна технологија во наставниот процес	IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026	Дефектолог, предметни наставници	**Н**осители на задача
Задача 2.3.2.	**Отстранување на архитектонски бариери во училиштето**	IX 2022 - VI 2023 до 2026	УИТ	**К** Носители на задача
А 2.3.2.1.	Промовирање на целосна пристапност во училиштето			**Н** Носители на задача
А 2.3.2.2.	Обезбедување на средства преку донации и спонзорства за поставување на пристапни рампи во училиштето			**Н** Носители на задача
А 2.3.2.3.	Поставување на пристапна рампа до кабинетите: 001, 002, 003, 004, 005, 009 и 010	IX 2022 - VI 2023 до 2026	УИТ	**Н** Носители на задача
А 2.3.2.4.	Поставување на пристапна рампа на службениот влез на училиштето	IX 2022- VI 2023 до 2026 г	УИТ	**Н** Носители на задача

Согледување:Направена индивидуална проценка за функционална применливост на асистивна технологија која им го олеснува следењето на наставниот процес на учениците со посебни образовни потреби и нејзина употреба во текот на наставата.
Промовирана е целосна пристапност во училиштето и наоѓање на механизам за имплементирање на истата на ниво на училиште.

Приоритет 3: Градење на имиџот на училиштето во тек со современите трендови во образованието					
Цел 3.1.	**Подобрување на професионалната и педагошката клима во училиштето**				
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 3.1.1.	Развивање и негување на добри меѓучовечки односи	2022/2026	Директор, Стручна служба, наставници	**К**	Препознатлива добра клима за работа
А 3.1.1.1.	Организирање на дружења, екскурзии, посета на театар, престави, концерти, изложби, натпревари и сл. активности за вработените во училиштето	IX 2022/2026	Директор, Стручна служба, наставници	**И**	Анкета
А 3.1.1.2.	Реализација на работилница за вработените за комуникациски вештини	2023	Директор, Стручна служба, наставници	**Н**	Носител на задачата
А 3.1.1.3	Засилена соработка во рамките на Стручните активи	2022/2026	Наставници	**В**	Јуни
Задача 3.1.2.	**Поддршка и промоција на постигнувањата на наставниците и учениците**	2022/2026	Директор, Стручна служба, наставници		
А 3.1.2.1.	Редовно информирање за учеството и постигнувањата на наставниците и учениците на Наставнички совет, официјалната ВЕБ-страна на училиштето како и на фејсбук и инстаграм	2022/2026	Директор, администратор		
А 3.1.2.2.	Доследна примена на Правилниците за избор и прогласување на најдобри ученици	2022/2026	Директор, Стручна служба, наставници		
А 3.1.2.3.	Организиран прием на наставниците и учениците добитници на признанија или успеси значајни за афирмација на училиштето	2022/2026	Директор		
	Содржина	**Време на реализација**	**Носители**	**Критерим за успех**	
Задача 3.2.1.	**Измена и дополнување на веќе посточките правилници во рамките на Куќниот ред на училиштето**	2022/2026	А. Смилевска С. Николовски	**К**	Ревидиран Куќен ред
А 3.2.2.1.	Формирање на тим за ревидирање на Куќниот ред од редот на наставниците, родителите и учениците	2022		**И**	Извештај
А 3.2.2.2.	Прибирање на предлози и сугестии за промена	2022/2026	А. Смилевска С. Николовски	**Н**	
А 3.3.2.3.	Усогласување на предлозите и сугестиите со законските прописи	2022/2026		**В**	Мај
А 3.2.2.4.	Утврдување на промените низ телата за одлучување во училиштето: Наставнички совет, Совет на родители, Средношколска заедница и Училишен одбор	2026			
Согледување:со предвидените активности се влијаеше на професионална добра клима за работа.					

Годишниот извештај на училиштето е суштински документ кој овозможува да го проследиме се она што е реализирано во текот на оваа учебна година. За секое подрачје од дејноста се изработени подетални извештаи кои се дадени како прилог на овој годишен извештај. Годишниот извештај е основа од кои произлегуваат нови идеи, програми, проекти и друго кои водат кон унапредување на воспитно - образовната дејност на училиштето за следната учебна година.

Директор
Илија Попов

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС

53